СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Шеснаесеттата седница на Собранието на СР Македонија,
одржана на 7 јуни'1991 г

Скопје, 7 јуни 1991 година

16-та седница одржана на 7.VI.1991

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА I ДЕЛ НА СТР.3 а II-от ДЕЛ НА СТР.33
ДОПОЛНЕНИЕ СТР. 31


ДИСКУТАНТИ: СТР:

1.СТОЈАН АНДОВ 1,2,14,20,31,40 (УСТАВНИ АМАНДМАНИ 82-85)
2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА 2,97
3.МУХАМЕД ХАЛИЛИ 6,93
4. ТОДОР ПЕТРОВ 6,37,56,114,143,144
5.ДИМИТАР ЈАКИМОВСКИ 10,12
6.ЗОРАН КРСТЕВСКИ 11
7.РИСТО КЕЛЕШОВ 13
8.БЕЌИР ЖУТА 27,53
9.ПЕТАР ЃЕОРГИЕВ 27
10. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ 29,30
11.ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ 30,87
12.МИХАИЛ ПАНОВСКИ 35,46,47,48,49,50,85
13.ГОЦЕ АНДОНОВСКИ 37,52,54
14.МИТКО АНАСТАСОВСКИ 42,89,91
15.ЈОВАН АНДОНОВ 43
16.РИСТО СТАМЕНОВ 43,49,60
17.НЕИМ СЕЛМАНИ 44,45,86
18.ТИТО ПЕТКОВСКИ 45,80,90
19.ФАИК АБДИ 46,77
20.ЃОРЃИ НАУМОВ 48
21.НИКОЛА КЉУСЕВ 55,58,76
22.АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ 62
23.СТОИЛЕ СТОЈКОВ 63,68,91
24.БОРКО ЃОРЧЕВСКИ 64
25.ЉУБИСАВ ИВАНОВ 65
26.ИВАН ИВАНОВ 67
27.СИМЕОН НАЛЛОВСКИ 67
28.САНДРЕ ДАВЧЕВ 69,126
29.ПАНЧЕ НАСЕВ 69
30.БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ 72
31.СИМЕ0Н ИВАНОВСКИ 79
32.ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ 85,145,149,147

33.ЏЕЛИЛ ТАИРИ 85
34.ЕФТИМ МАНЕВ 86
35. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ 88,120,148
36.ЃУЛИСТАНА ЈУМРОВСКА 88
37.ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ 89
38. НАУМ СИМЈАНОВСКИ 92
39. ПАНЧО МИНОВ 92,131,141
40.ЉУБОМИР ПОПОВСКИ 95
41.КИРО ПОПОВСКИ 110
42.СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА 115,116,117,118,119,122,123,139,143
43..МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ 118,121,125,136,141
44. ДУШАН ТРЧЕВСКИ 127
45. ЈАНКО НИКОЛОВСКИ 147

СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
од Шеснаесеттата седница на Собрнаието на СР Македонија,
одржана на 7 јуни 1991 год.

Седницата се одржа во салата број 1 за седници во зградата на Собранието на СРМ, во 10,30 часот. Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на СРМ.

СТОЈАН АНДОВ:

Дами и господа пратеници, ја отворам Шеснаесеттата седница на Собранието  на Социјалистичка Република Македонија.

Пратениците Хамит Алиу, Владимир Голубовски, Ратка Димитрова и Димитар Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува Ве известувам дека пратеникот Бранко Блажевски почина на 24 мај 1991 година.

Ве молам со едноминутно молчење да му оддадеме почит.

(Пратениците сите станати му одаваат почит на починатиот пратеник Бранко Блажевски)

Слава му - гласови: слава му!

Според член 59 од 3 аконот за избор и отповикување на пратеници и одборници, Собранието на СРМ на првата седница по известувањето го утврдува престанокот на мандатот.

Според тоа, Собранието утврдува дека на пратнеикот Бранко Блажевски му престанал мандатот пред истекот на времето за кое е избран.

- Записниците од Четиринаесеттата и Петнаесеттата седница на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,одржани на 18 и 23 мај 1991 година Ви се доставени.

Дали некој од пратениците  има забелешки на записниците? Има збор господин Газмент Ајдарага.

ГАЗМЕНТ АЈДАРАГА:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и гости. Две мали грешки се поткраднати во записникот од Петнаесеттата седница имено на едно место сум цитиран дека јас учествувам во расправата која што се водеше на Предлог на пратеникот Исмет Рамадани, а јас не дискутирав по тоа прашање, туку дискутирав само односно му реплицирав на она што го постави Михаил Пановски. И второ делегатско прашање јас не поставив, како што е цитирано на стр.  17, туку тоа го постави друг пратеник, па така е даден одговорот на мене ми се дава одговорност.

СТОЈАН АНДОВ

Дали има други забелешки.(Нема)

Констатирам дека записриците од Четрнаесеттата и Петнаесеттата седница се усвоени со оваа забелешка на господин Ајдарага.

- Дозволете ми, од мое и Ваше име да ги поздравам претседателот на Социјалистичка Република Македонија, членот на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија од Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Владата на Социјалистичка Република Македонија, потпретседателот на претседателот на Социјалистичка Република Македонија потпретседателите и членовите на Владата на Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Македонија, членовите на Сојузниот извршен совет од Социјалистичка Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, ректорите на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје и Универзитетот во Битола,командантите на Скопската армиска област и на територијалната одбрана на Македонија, лидерите на политичките партии што уечствуваа на првите повеќе

партиски избори во Републиката, претседателот на Советот на сојузот на синдикатите  на Македонија, претседателот на Стопанската комора на Македонија, претседателот на Републичкиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од Народноослободителната војна на Македонија, претседавачот на далегацијата на Собранието на Социјалистичка Република Македонија во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, координаторот на делегатите од социјалистичка Република Македонија во Сојузниот собор на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и поглаварите на верските заедници во Социјалистичка Република Македонија.

Имајќи ги предвид прашањата што ќе се разгледуваат на денешната седница, поканети се претставници на:  Владата на социјалистичка Република Македонија, Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените,краишта,и Претпријатието за приредување игри на среќа и забавни игри на автомати - Лотарија на Македонија.

- Со оглед на значењето на правата и втората точка од Предлогот на дневниот ред од Решението за свикување на седницата и присуството на гости на седницата, предлагам да работиме во два дела. Прво да расправаме по Предлогот на амандманите од LXXXII до LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македо-нија и Предлогот на уставниот закон за спроведување на амандман од LXXXII до LXXXV на Уставот на Република Македонија, потоа да направиме пауза, а после паузата да го утврдиме дневниот ред за останатите точки на оваа седница.

Тоа е порационално решение и нема да ги задржуваме гостите со евентуално одолжено утврдување на деневниот ред на работниот дел од седницата.Работните тела, исто така, немаат завршено по некои точки или не сме ни во состојба да го утврдиме дневнлот ред.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Нема)

Констатирам дека предлогот е прифатен.

Минуваме на првата точка од дневниот ред:

- Предлог на амандмани од LXXXII до LXXXV на Уставот на Социјалististичка Република Македонија.

Текстот на предлогот на амандманите од LXXXII до LXXXVна Уставот на Социјалистичка Република Македонија Ви е доставен.

Извештајот за резултатите од јавната дискусија од нацртамандманите од LXXXII до LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија како и мислењата и предлозите на претседателот на Социјалистичка Република Македонија и на Владата на Социјалистичка Република Македонија и извештаите Ви се доставени односно поделени

- Според одредбите на Уставот на Социјалитичка Република Македонија Собранието го утврдува предлогот на актот за измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, одлучува по него и ја прогласува измената на Уставот.

- Преминуваме на утврдување на Предлогот на амандманите.

- Отворам претрес по текстот на предлогот на Амандман LXXXII

- Комисијата за уставни прашања го прифати предлогот на Комисијата за општествено - политички систем во точката 2 на овој амаНдман зборот "името" да се замени со зборот "називот" и тој е составен дел на текстот на предлогот на амандманот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на Амандманот LXXXII.

Кој е за предложениот текст на Предлогот на Амандманот LXXXII молам да крене рака? (Пратениците креваат рака) "За" гласале 110 пратеници.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

За предложениот текст на Предлогот на Амандманот LXXXII гласаа 110 пратеници, против и воздржани нема.
Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на Амандман LXXXII.

Отворам претрес по текстот на предлогот на Амандманот LXXXIII

Комисијата за уставни прашања го прифати Предлогот на Комиијата за деловнички прашања во ставот 1 на точка 1 на овој Амандман бројот "30" да се замени со бројот "40" и тој е составен дел на тесктот на Предлогот на Амандманот.

Ве известувам дека по текстот на Предлогот на овој Амандман имаше и други предлози кои не ги прифати Комисијата за уставни прашања.

- Причините за нивното неприфаќање се содржани во Извештајо" за Уставни прашања.

- Пратеникот Мухамет Халили, предложи во ставот 1 на точката 1 бројот"30" да се замени со бројот "60".

Со оглед дека предлогот на Комисијата за деловнички прашања бројот "30" да се замени со бројот "40" стана составен дел на текстот на предлогот на амандманот, го молам пратеникот Мухамет Халил да се произнесе дали останува на предлогот.

1/6
- Отворам претрес по предлогот на пратнеикот Мухамед Халили.

МУХАМЕД  ХАЛИЛИ:

Го повлекувам предлогот.

СТОЈАН АНДОВ:

Пратеникот МУхамет Халили го повлекува предлогот.
Молам кој бара збор?
Има збор пратнеикот Тодор Петров.

ТОДОР  ПЕТРОВ:

Во однос на предлогот на амандманот LXXXШ на Уставот на СР Македонија, сметам дека Уставната комисија сосема некоректно постапила по однос на амандманот кој што го предложив и прво, •изразувам јавен протест заради тоа што не бев повикан на седницатА на Комисијата за уставки прашања, кога се разгледуваше,а за текот на седницата на Уставната комисија се запознав само од извештаите во "Нова Македонија", во кои се употребени, од страна на одделни говорници или присутни, заради тоа што незнам дали се работи за пратнеици или за надворешни членови на Уставната комисија, злонаме ни инсинуации заради препишување на одредени србофилски елементи во предлогот кој што е предложен на амандманот LXXXШ.

Предлогот на Комисијата за деловнички прашања се прифаќа,меѓутоа, предлогот на Петров бидејќи е прифатен во Комисијата за буџет и финансирање не се прифаќа, заради тоа што можеби некому лично не му одговара. Да бевме во состојба можеби ќе ја утврдевме
и здравствената состојба на тие пет пратеници за да кажеме дека биле во афектна состојба, па незнаеле за што гласаат и заради тоа го прифатиле амандманот на пратеникот Тодор Петров.

1/7

Сметам дека е неоправдано од страна на Уставната комисија што воопшто не го зела во редовна постапка и не го става во редовна постапка, и процедура заради тоа што во амандманот, тоа сосема го пишува, не предлагам иницијатива за донесување на нов амандман туку предлагам амандман на амандманот LXXXII Сметам дека според Деловникот, истиот треба да влезе во редовна процедура во ова Собрание.  Макар да биде и еден глас за, сметам дека ова Собарние рамноправно постапувајќи и почитувајќи ги деловничките одредби треба да постапи според амандманот кој што е поднесен.

Понатаму, сметам дека она што се наведува дека текстот е препишан од српскиот устав, воопшто не држи заради тоа што и предложениот амандман LXXXIII е препишан од Сојузниот закон за народна одбрана во кој што доста децидно се објаснува што се опфаќа под терминот вонредни околности..Имајќи ги предвид овие околности сакам да кажам дека не вршејќи никакви импровизации за оние кои што злонамерно даваат одредени инсинуации, да ги информирам дека текстот на овој амандман е препишан од сојузниот устав со дополну вање и прилагодување на одредбите на Република Македонија. Ако за некои постоечкиот Уставен систем на Југославија е претседателс па вика дека се инаугурира нов пртседателски систем во Република Македонија со амандманот кој што го предлага Петров Тодор сметам дека направи катастрофална грешка во пристапот и поимите.

И второ сакам да укажам дека во, Уставот на Југославија никаде па и во Уставот на Македонија не се зборува конкретно за вонредни околности, туку секаде е употребен терминот, воена состојба и непосредна воена опасност. Единствено во надлежностите на претседателот на Претседателството ставено е во контекстот

воена состојба, непосредна воена опасност и други вонредни окол-ности, кои што други вонредни околности ги објаснува Сојузниот закон за народна одбрана. ВО интерес на актуелната општествено-политичка состојба која што е во Југославија и на односот на силите кои што владеат во неа, сметам дека предложениот текст на амандманот LXXXIII од Уставот воопшто не е нов текст или нова иницијатива за измена на Уставот, туку напротив сосема јасно прецизирање на одредени состојби кои што можат да настанат во Републиката, воена состојба, непосредна воена опасност и ангажирање на вооружените сили на територијата на Република Македонија.

Во предложениот текст се зборува само за утврдување на вонредни околности, а џабе ќе ни биде да ги утврдиме кога некој друг треба да ги превземе мерките  за да бидат отстранети. Сметам дека воопшто не е и наигуриран претседателсткиот систем, туку сосема се утврдени компетенциите на претседателот за системот во општонародната одбрана и во ставот 1 од амандманот што го предлагав сосема јасно е кажано дека претседателот ги има овие овластувања во поглед на народната одбрана, меѓутоа, доколку Собранието може да се состане тогаш му предлага на Собранието да ја донесе одлуката за прогласување воена или вонредна состојба и за давање согласност за употреба на вооружените сили на СФРЈ во војна и во мир на територијата на Република Македонија и на нејзин дел.

Сметам дека не постои никаков страв претседателот или било кој друг кој би се нашол на таа функција, толку многу да ја злоупотребува, заради тоа што претседателот го избира овој парламент,а на првата наредна седница, кога Парламентот ќе може да се состане Претседателот на Републиката ќе ја поднесе таа своја одлука на потврдување пред ова Собрание. И не верувам дека било кој ќе прави било

какви егзибиции, да ги злоупотребува своите овластувања, едноставно за да изврши прогласување на некоја состојба вонредна или воена на територијата и на нејзин.дел.на Републиката за да ги ограничи граѓанските права и слободи на граѓаните во Репбуликата.

Словенија си донесе, утврди веќе изгради и касарник, Хрватска национална гарда, Уставот на Србија претседателот го прогласи за врховен командат на вооружените сили, а ние утврдуваме само вонредни околности. И затоа сметам дека предложениот текст на амандманот не соодветствува на, пред се, Декларацијата за сувереност на Републиката и сметам дека воопшто не се суспендира правото на овој Парламент во поглед на прогласување на воена, вонредна состојба и давање согласност за употреба на вооружените сили на територијата на Републиката или на нејзин дел затоа останувам при предложениот амандман.На крајот уште еднаш протестирам што ниту воопшто бев поканет на Комисијата и воопшто не се прифати образложениието дека овој Амандман претставува иницијатива за донесување
на амандман. Оној кој што е писмен може да прочита предлог амандман на амандманот LXXXШ.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, ние ќе дојдеме на амандманот од пратнеикот Тодор Петров. Сега сеуште расчистуваме со амандманот на Господин Мухамед Халили.

Бидејќи пратеникот Халили го повлече својот предлог, а никој друг не бара збор во врска со тоа, тогаш констатирам дека амандманот на пратнеикот Халили не постои и нема да се води постапка по него.

Комисијата за општествено политички систем предложи по ставот 2 на точката 1 да се додаде нов став, според кој Собрнанието

може и пред истекот на рокот од 30 дена да донесе одлука за престанок на постоење на вонредни околности.

Го молам известителот" на Комисијата за општествено политич систем да се произнесе дали останува на предлогот .

Известителот на Комисијата за општеcтветно- политички систем го подвлекува овој амандман.

Отворам претрес.

Дали некој друг бара збор во врска со овој предлог на Комисијата (реакции од место)

Ве молам немојте, сега текстот е веќе после јавната дискусија, на расправа утврден, Комисијата дала и може известителот неточно известува. Затоа него го прашувам, а може да се јави некој
друг член или некој друг пратеник. Гостите сега неможат да се јават зашто тие имаа можност,да дискутираат во јавната расправа. Сега текстот веќе е утврден.

Има збор господинот Јакимовски.

ДИМИТАР ЈАКИМОВСКИ:

Во врска со амандманот на Комисијата. Јас сум член на Комисијата за општесввено политички систем и овој амандман беше мој предлог. Јас сега сум збунет зашто амандманот се идентификува со амандманот на Комисијата. Таа идентификација, најпрвин ја направи претседателот на Собранието, а Комисијата не расправаше за повлекување на тој амандман. Ставот на Крстевски незнам дали може да биде амандман на Комисијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, деловнички овде Комисијата ја преставува известител кој го одредила Комисијата, а дали е тоа Крстевски или Јакимовски тоа е за мене се едно. Деловнички се преставува Комисијата и известителот. Јас прашав кој е известител.

(Гласови од место дека известител на Комисијата е Крстевск Ако е Крстевски молам нека повели.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Јас се извинувам за оваа мала забуна. Меѓутоа, Јакимовски има право што го постави вака прашањето, бидејќи ние практично не можевме повторно да расправаме по овој став. Комисијата, е точно дека поднесе амандман со цел да практично, бидејќи се раоботи за ограничување на слободи и права на граѓаните што се утврдени со Устав и со закони, таа работа да ја ограничи на начин на кој во иста постапака е овластено Собранието и да ја повлече одлуката за вонредни околности.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ: (Продолжение)

Во таа функција извршени се одредени консултации, така што правничкото толкување дека самата одредба дадена во амандманот најдолго 30 дена може да трае Одлуката, го инкорпорира и правото на Собранието да ја повлече одлуката во тој период. Заради тоа, практично, амандманот е безпредметен како втор став на истиот став, на истата одредба дадена во амандманот од тие причини. Инаку, може да остави да се гласа, меѓ^утоа тоа е една правна ди-лема дали треба да стои нешто што се подразбира со самиот чин на донесуваше на амандманот и носењето на правото на Собранието таа одлука да важи 30 дена. Во тоа е објаснувањето.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам дали е сега јасно.
За збор се јавува господин Јакимовски.

ДИМИТАР ЈАКИМОВСКИ:

Би било појасно господине претседателе до колку вие не правите забуна. Мојата забелешка не беше на амандманот. Мојата забелешка генерално беше на тоа што ....

СТОЈАН АНДОВ:

Не дискутираме генерално, расправаме за амандманот, ве молам, па ако сакате Јсе ви дадам збор за амандманот, а ако не ве молам кога ќе биде генерална расправа тогаш ќе земете збор.

11/2

ДИМИТАР ЈАКИМОВСКИ:

Ве молам вие создавате забуни, тоа е проблемот.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, тоа на вас ви се чини така и ве молам напуштете ја говорницата, немате збор за генерални расправи, а сега расправаме , по текстот на амандманот. (Аплауз)

Ве молам, за текстот на амандманот дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор во врска со овој амандман, а известителот го повлекува амандманот, констатирам дека не е потребно со гласање Собранието во врска со овој амандман да се изјаснува.

Комисијата за заштита на човековата околина предложи дополнување на точката 1 во смисла дека иницијатива за престанок или продолжување над 30 дена на вонредените околности даваат субјектите од ставот 1 на точка 1 на овој амандман.

Го молам известителот на Комисијата да се произнесе дали останува на предлогот.

За збор се јави пратеникот Келешов.

КЕЛЕШОВ:

На денешната седница Комисијата за заштита на човековата околина го проследи извештајот и останува на својот амандман, кој што гласи иницијатива за престанок или продолжуваше над 30 дена на вонредни околности даваат субјектите од точка 1, став 1 на овој амандман. Со образложение дека треба да се регулира прашањето за

тоа ако некој може да предлага постоеше на вонредни околности на територијата на Република Македонија или во нејзин дел, тогаш тој истиот во процена на состојбата може да даде иницијатива да продолжи односно престанување или продолжување на постоење на вонредни околности и тоа над 30 дена. Со ова би се комплетирало прашањето за утврдување, престанување или продолжување на постоење на вонредни околности. Со малку зборови останувame на предложениот амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Отворам претрес по предлогот на Комисијата.
Дали уште некој друг бара збор? (Никој)
Бидејќи никој це бара збор, го заклучувам претресот по предлогот на Комисијата'.
Предлогот на Комисијата го давам на гласање.
Молам, кој е за предлогот на Комисијата да крене рака. (Делегатите креваат рака).
За предлогот на Комисијата гласаа 19 пратеници.
Дали има некој против? (44 гласа)
Дали некој се воздржува? (22 гласа)
За предлогот на Комисијата гласаа 19 пратеници, против гласаа 44 пратеници, а од гласањето се воздржаа 22 пратеници.
Констатирам дека Собранието не го усвои Предлогот на Комисијата за заштита на човековата околина.

11/4

Пратеникот Тодор Петров поднесе предлог што е прифатен од Комисијата за финансирање и буџет, со кој се предлага целосна замена на амандманот 83.- Според содржината и карактерот тој е сосема нов амандман кој не е во рамките на предлозите за пристапување кон измена на уставот односно не е во рамките на решенијата на амандманите кој беа на јавна дискусија, туку покренува нови прашања за измена на уставот.

Од истите причини не е прифатен и предлогот на пратеникот Мухамед Халили усвојувањето на амандманите од 82 до 85 да се врши со 2/3 мнозинство од присутните пратеници на седницата на Собранието.

Господинот Петров изложи свое гледање и рече дека останува на својот амандман.

Господинот Мухамед Халили го повлекува амандманот.

Според тоа, останува Собранието да се изјасни само за амандманот на Тодор Петров. Се разбира, во претресот може некој од пратениците, доколку соработува со господинот Халили да го присвои тој амандман овде и исто така да го поддржи.

Дали некој бара збор во врска со овие предлози? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по предлозите на пратениците Тодор Петров и Мухамед Халили.

Кој е за предлогот на пратеникот Тодор Петров, молам да крене рака.

Дали има некој против? Дали некој се воздржува?

За пратеникот Тодор Петров гласаа 23 пратеника, против гласаа 60 пратеници, а од гласање се воздржаа 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот на пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претресот. ^

МОлам, кој бара збор?

Сега го утврдиме текстот на амандманот. Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на амандманот 83.

Кој е за предложениот текст на предлогот на амандманот 83, молам да крене рака.

Дали има некој против?

Дали неќој се воздржува?

За предложениот текст на предлогот на амандманот 83 гласаа 90 пратеници, против гласаа 3 пратеници, а од гласањето се воздржаа 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот 83.

Отворам претрес по текстот на предлогот на амандманот 84.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на амандманот 84.

Кој е за предложениот текст на предлогот на амандманот 84, молам да крене рака.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

За предложениот текст на предлотот на амандманот 84 гласаа 110 пратеници, против немаше никој,а и од гласањето никој не се воздржа.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот 84.

Отворам претрес по текстот на предлогот на амандманот 85.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 85.

Кој е за предложениот текст на предлогот на амандманот 85, молам да крене рака.

Дали има некој. против?

Дали некој се воздржува?

За предложениот текст на предлогот на амандманот 85 гласаа 110 пратеници, против нема, а од гласање никој не се воздржува.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманот 85.

Констатирам дека Собранието го утврди предлогот на амандманите од 82 и 85 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Бидејќи го утврдиме предлогот на амандманите, преминуваме на усвојување на амандманите.

Според членот 442 став 2 од Уставот на СРМ, измената на Уставот е усвоена во (Собранието ако за неа гласале најмалку 2/3 од

сите пратеници во Собранието.
Предлогот на амандманите од 82 до 85 на Уставот на СРМ го ставам на гласање.
Кој е за предлогот на амандманите молам да крене рака. (Делегатите креваат рака)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува? (Никој)
За предлогот на амандманите гласаа 109пратеници, против немаше, а од гласањето се воздржа 1 пратеник.
Констатирам дека амандманите од 82 до 85 на Усатвот на СРМ се усвоени.
Согласно член 443 од Уставот на СРМ, Собранието на СРМ ги прогласува амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, предлагам Собранието да ја донесе следната одлука:
"Врз основа на член 443 од Уставот на СРМ, Собранието на СРМ, на седницата одржана на 7 јуни 1991 година, донесе

0 Д Л У К А

за прогласување на Амандманите од 82 до 85 на Уставот на Социјалистичка Република Македонија

Се прогласуваат амандманите од 82 до 85 на Уставот на СРМ, што ги усвои Собранието на СРМ, на седницата одржана на 7 јуни 1991 година.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за предлогст на одлуката, молам да крене рака. (Делегатите креваат рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

За одлуката гласаа 107 пратеници, против гласови немаше, а од гласањето се воздржа 1 пратеник.

Констатирам дека одлуката ѕа прогласување на амандманите од 82 до 85 на Уставот на СРМ е усвоена.

СТОЈАН АНДОВ: Преминуваме на 2-та точка-Предлог на уставен закон за спроведување на амандманите од 82 до 84 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Предлогот на уставниот закон ви е доставен. Мислењата и предлозите на претседателот на Република Македонија, како и извештаите на Комисиите ви се доставени.

Уставниот закон се донесува по иста постапка како и амамдманите на уставот.

Преминуваме на утврдување на Предлогот на уставниот закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на уставниот закон.

Комисијата за уставни прашања не го прифати мислењето на Владата на Република Македонија во врска со ставовите 1 и 2 на член 2 на текстот на Предлогот на уставниот закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и текстот на Предлогот на уставниот закон го ставам на гласање.

Кој е за текстот, молам да крене рака.

За текстот на Предлогот на уставниот закон гласаа 106 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го утврди Предлогот на устг ниот закон за спроведување на амандманите од 82 до 84 на уставот на Социјалистичка Република Македонија.

Видејќи го утврдивме Предлогот на уставниот закон, преминуваме на усвојување на уставниот закон.

III/2

Предлогот на уставниот закон за спроведување на амандманите од 82 до 84 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласаЊе.

Кој е за Предлогот на уставниот закон, молам да крене рака.

За Предлогот на уставниот закон гласаа 110 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека уставниот Закон за спроведување на амандманите од 82 до 84 на Уставот на Република Македонија е усвоен.

Бидејќи го усвоивме Уставниот закон, предлагам Собранието да ја донесе следната одлука:

"Врз основа на амандманот 85 на Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 7 јуни 1991 година донесе одлука за прогласување на Уставниот закон за спроведување на амандманите од 82 до 84 на уставот на Република Македонија.

Се прогласува Уставниот закон за спроведување на амандманите од 82 до 84 на уставот на Република Македонија што Собранието на Република Македонија го усвои на седницата одржана на 7 јуни 1991 година".

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака.

За Предлогот на одлуката гласаа 107 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (1 пратеник)

Констатирам дека одлуката за прогласување на Уставниот закон за спроведување на амандманите од 82 до 84 на Уставот на Република Македонија е усвоена...

Им се заблагодарувам на гостите за нивното присуство.

Сега објавувам пауза, а седницата ќе продолжи по знакот на ѕвоното.

Сите работни тела што не ја завршиле расправата молам да ја продолжат расправата и да ја завршат, за да можеме да работиме на седницата.

(Пауза од 11,15 до 14,00 часот)

Известен сум дека сите работни тела ја завршија работата и подготвуваат извештај. Некој од извештаите сеуште не се поделени на пратениците, но мислам дека можеме да почнеме со работа затоа што известителите на комисиите по сите точки се овде.

Дали се согласувате да почнеме со работа? (се согласуваат)

Молам, во текот на работата извештаите да ги прочитате и консултирате, бидејќи инаку би изгубиле повеќе време.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминиме по исцрпувањето на дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

За овој предлог гласаа 87 пратеници.

Кој е против, молам да крене рака. (11 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (5 пратеника)

Според тоа делот од пратеничките прашања на оваа седница ќе бидат разгледани по исцрпувањето на дневниот ред.

Во врска со проблемите околу водењето на педагошката евиденција и издавањето на документи на албански јазик, Комисијата за образование, наука и култура предлага Собранието да ја задолжи

Владата на Република Македонија најитно да расправа за овие проблеми и за наредната седница на Собранието да предложи излезни решенија.

Владата на Република Македонија предлага Собранието да не расправа на оваа седница по предлогот на пратеникот Кирил Ковачевски и предлозите на пратеничката група на Партијата за демократски просперитет - Народна демократска партија за донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за предучилишно и основно образование и воспитание, со Предлог на закон и за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за насоченото образование со Предлог на закон, поради тоа што се работи за прашања од областа на меѓунационалните односи за што во Владата се вршат согледувања врз основа на кои се изготвува материјал.

Исто така, Владата на Република Македонија изготвува информација за водење на документацијата и евиденцијата во основното и средното образование, Информација за барањата за отворање на училишта или паралелки во средното ообразование на албански јазик и Закон за средното образование.

Комисијата за образование, наука и култура го разгледа новото Мислење на Владата на Република Македонија, доставено на 6 јуни 1991 година и притоа остана на првото становиште Владата да расправа за овие проблеми и да предложи излезни решенија најдоцна до 15 јуни 1991 година.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака.

За овој предлог гласаа 89 пратеници.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека е усвоен овој предлог на Комисијата.

Исто така, Комисијата за образование наука и култура расправаше по проблемот на материјално финансиската состојба во основното образование, имајќи ги предвид многубројните најави за организирање штрајкови во основното образование, заради неисплатените лични доходи и материјални трошоци, како и истакнатите барања дека издавањето на документацијата на завршените осмооделенци се врзува со исполнување на овие барања.

Комисијата оценува дека е потребно итно разрешување на овие проблеми, за да се овозможи нивното запишување во средното училиште на 15 јуни 1991 година.

Оттаму, Комисијата му предлага на Собранието да ја задолжи Владата на Република Македонија да предложи излезни решенија.

Кој е за предлогот на Комисијата,молам да крене рака.

За Предлогот гласаа 97 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се водржува од гласање? (никој) Констатирам дека предлогот на Комисијата за образование наука и култура е усвоен.

Ве известувам дека пратениот Зоран Крстевски со кое се предлага делегацијата на Собранието на СРМ во соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ да поднесе извештај во врска со својот настап на седницата на соборот одржана на 19 април 1991 година, на која е разгледувано Експозето на претседателот на Сојузниот извршен совет, а Собранието да расправа по него на една од наредните седници на Собранието на Република Македонија.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака. За овој предлог гласаа 80 пратеници.

Дали има некој против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието ја задолжува делегацијата на Собранието на Република Македонија на Соборот на републиките покраините на Собранието на СФРЈ да поднесе звештај на Собранието за една од наредните седници.

Комисијата за здравство на седницата одржана на 7 јуни 1991 година ја разгледа Одлуката за недавање согласност за промените на организационата поставеност на РО Медицински факултет и на здравствените организации во Република Македонија, доставена до Владата на Република Македонија.

Со оглед на сложеноста на проблемот во врска со организационата поставеност на Медицинскиот факултет и на здравствените организации на Македонија, а заради фактот што Законот за здравствена заштита не е донесен, Комисијата за здравство оценува дека предложената одлука претставува парцијлно решение и недава можност за комплексно согледување на проблемот.

Заради тоа, Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да ја задолжи Владата на Република Македониј што поскоро да го достави законот за здравствена заштита на Собранието за разгледуваше.

Истовремено, Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да не ја стави на дневен ред преложената одлука.

Кој е за предлогот на Комисијата за здравство, молам да крене рака. (91 пратеник крева рака)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој) Констатирам дека предлогот на Комисијата за здравство
е усвоен.

III/7

Владата на Социјалистичка Република Македонија во смисла на член 344 и 345 став 2 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага по итна постапка на денешната седница да се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Предлогот на овој закон ви е поделен.

Го молам пратеникот на Владата на Република Македонија да укаже на основната и неодложната потреба од итно донесување на законот и на штетните последици што би ги предизвикало одлагање на донесуваше на законот за изменуваше и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај .

Има збор претставникот на Владата на Репбулика Македонија.

БЕКИР ЖУТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата на Македонија ценејќи ја состојбата особено во градскиот сообраќај во тој контекст воопшто и во јавниот собораќај и проблемите кои се присутни овие денови излегува со предлог за измени и дополнувања на Законот во оваа фаза, за по итна постапка со молба денес Собранието да го прифати и стави на дневен ред и да расправа за потребата за донесување на овој закон и во исто време да предлага и за самиот текст на законот од причини што состојбите кои се присутни се неодложни и не чекаат во друга постапка да се донесува законот односно целокупниот систем на уредување на овие односи.

Во тој смисол и ве молиме да го прифатите предлогот денес да се расправа за потребата од донесување на Предлогот на законот за измени и дополнување и за самиот предлог за измени и дополнување.

СТОЈАН АНДОВ:

Го молам известителот на Комисијата за стопанство да го изнесе ставот на Комисијата.

Има збор пратеникот Петар Георѓиев.

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за стопанство на денешната седница, која што имаше редовен карактер за работа го прифати предлогот да го стави како дополнителна точка на дневниот ред предлогот за донесување по итна постапка: Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај.

IV/2

Комисијата за стопанство му предлага на Собранието предлогот за донесување на закон да не се стави на дневен ред на денешната седница, туку на првата наредна седница и тоа во редовна постапка. И тоа од следните причини:

Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај и промените што се предлагаат не се од таков карактер, како што е наведено во образложението, почитувајќи ги сегашните настанати проблеми во делот на одвивањето на превозот во градскиот сообраќај во Скопје да има итен карактер за измена на самиот закон.

Комисијата не можеше да пристапи кон разгледување на Законот од причина што истиот беше доставен само еден час пред одржувањето на седницата, а во процедурата на неговото донесување потребни се и мислења, пред се од Комората која што има и одредени обврски према законот и Деловната заедница Македонија-сообраќај.

Трето, добиени се забелешки на предлогот од здружението на граѓаните за обавување на превоз во градскиот и приградскиот сообраќај без да се навлегува во конкретизација и конкретните предлози што ги дава здружението. Основна забелешка е што не е овозможено во редовна постапка да се расправа за измените и до-полнувањата на самиот закон.

На крајот, Комисијата смета дека Законот мора да биде во функција за вложување на приватниот капитал посебно во патниот сообраќај, а не да се спутава таквата иницијатива. Со една обврска да во измените мора да се воведат и посебни стандарди во делот на обавувањето на превозот во јавниот сообраќај.

Сметаме дека низ една процедура која нема да биде подолга од 15 дена овие наши забелешки ќе се почитуваат и законот ќе биде ставен во редовна процедура на донесување без поголеми последици, а дотогаш како и сега ќе се одвиваат работите, како и денес што се одвиваат без посебни проблеми.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор?
Има збор Наќе Стојавовски.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници, ЗПК на својата седница одржана непосредно пред оваа седница на Собранието го разгледуваше законот и му предлага на Собранието истиот закон да го донесе во интегрален текст, онака како што ви е предложен, по итна постапка.

Напротив, ценете ги токму фактичките состојби кој се на подрачјето пред се на територијата на градот Скопје, ЗПК оцени дека фактичките состојби на подрачјето се такви да во секој момент може да настане блокада на целокупниот стопански и општествен живот во Градот Скопје. Од тие причини предлага во интегрален текст, овака како што законот е предложен да се разгледува и да се донесе на оваа седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали уште некој бара збор?
Укажувам дека пред сб дека ЗПК треба да го цени уставниот основ на овој закон. А имавме ние и надлежни тела кои

ја покриваат областа, а и формално правната страна на законот исто така.

Има збор господин Томислав Стојановски.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

По однос на овој закон, ЗПК расправаше само по својте надлежности. Дали има основ и законска можност и оправданост да се донесе. Ние така и одлучивме, меѓутоа, матичното тело да одлучува за содржината дали да се стави во скратена постапка или не. Ние заклучивме дека за тоа треба да одлучи Собранието во чија надлежност е оваа работа. Според тоа, јас како претседател на Комисиајта не го прифаќам извештајот на Наќе Стојанов затоа што отиде надвор од овластувањата.

За донесување на законот да го стави во процедура меѓутоа за скратена постаапка одлучува Собранието, а не работните тела.

СТОЈАН АНДОВ:

Објаснувањето на господин Томислав Стојановски е всушност исправно. Да видиме во што е неспогодбата. Да видиме дали расправата одговараше на ова објаснување што е дадено.

Има збор господин Наќе Стојановски.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Комисијата го ценеше правниот основ, а исто така повеќе време потроши ва проценката од економски причини да се донесе закон во оваа смисла. Додека никој не ја оспорува надлежноста на ова Собранието да одлучи за тоа дока треба законот да се донесе по итна постапка.

IV/5

СТОЈАН АНДОВ:

Да се разбереме сега што објаснуваше господин Стојановски.

Тој објаснуваше што е учинето во Комисијата во рамките на нејзината надлежност. Што имало и друга расправа тоа е друга работа. Во рамките на нејзината надлежност установено е дека има уставен основ и дека постои можност ваков закон да се донесе. Целисходноста ја разгледувас надлежното работно тело, а одлучува Собранието.

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го ставам предлогот овој закон да се донесе по итна постапка на гласање.

Молам, кој е за предлогот овој закон да се донесе по итна постапка, да крене рака.(24 пратеника)

Дали има векој против? (65 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)
Констатирам дека е усвоен предлогот овој закон да не биде донесен по итва постапка.

Предлагам дневниот ред да се дополни со предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници со предлог на закон,и

Нацрт на законот за задолжување на Федерацијата кај меѓународната банка за обнова и развој на структурно приспособување на финансискиот сектор (АС.бр.1393/1).

Поединечно ги ставам на гласање предлозите за дополнување ва дневен ред.

Молам, кој е за предлогот за донесување на закон за изменување и дополвување на Законот за избор и отповикување на

пратеници и одборници со предлог на закон да крене рака. (33 пратеника)

Дали има некој лротив? (44 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (11 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот дневниот ред да се дополни со предлогот за донесување на закон за изменување и дополнувакње на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници со предлог на закон.

Молам, кој е за нацртот на законот за задолжување нас Федерацијата кај меѓуанродната банка за обнова и развој на структурно приспособување на финансискиот сектор (АС.бр.1393/1) да крене рака. (67 пратеника)

Дали има некој против? (13 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласаше? (6 пратеника)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот дневниот ред да се дополни со нацртот на законот за задолжување на Федерацијата кај меѓуанародната банка за обнова и развој на структурно приспособување на финансискиот сектор.

На предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлагам да се дополни дневниот ред со предлогот на одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ.

Кој е за овој предлог молам да крене рака.(66 пратеника)

Дали има некој против? (11 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника)

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот да се дополни дневниот ред со предлогот на одлуката за овластување на Комисијата за избор и именувања на Собранието на СРМ.

Комисијата за земјоделство и шумарство му предлага на Собранието да го симне од дневен ред предлогот за донесување на закон за забрана за увоз на земјоделски производи и јужно овошје со предлог на закон.

Кој е за предлогот на Комисијата овој закон да се симне од дневен ред молам да крене рака. (80 пратеника)

Дали има некој против? (10 пратеника)

Дали нексј се воздржува од гласаше? (3 пратеника)

Констатирам дека предлогот за донесување на sакон за забрана на увоз на земјоделски производи и јужно овошје со предлог на закон е симнат од двевен ред.

Со оглед дека ги поминавме 1 и 2 точка од предлогот на дневниот ред во Решението, за денешнава седница го предлагам следниот дневен ред за продолжување на работата.

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи со предлог на закон.

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на кривичниот закон за Република Македонија, со предлог на закон.

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за црвениот крст на Македонија, со предлог на закон.

6. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и користење на sемјоделското земјиште, со предлог на закон.

7. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарната служба, со предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита на животните,со предлог на закон.

9. Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на растенијата од болести и штетници, со Предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон.

11. Предлог на одлука за давање согласност на Финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1991 година.

^ , ■ .

■ --

12. Предлог на одлука заѕовластување на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

13. Предлог на одлука за давање согласност за Статутот на Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија - Скопје.

14. Извештај за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија за 1990 година.

15. Нацрт на закон за тарифата на сојузните административни такси (АС.бр.1389/1).

16. Нацрт на закон за задолжување на Федерацијата кај меѓународната банка за обнова и развој на структурно приспособување на финансискиот сектор (АС.бр.1393/1).

СТОЈАН АНДОВ:

Дали има предлог за изменување, или дополнување на дневниот ред?

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Со оглед на тоа што за време на држењето на минатата седница пред Собранието имаше насобрани граѓани незадоволни од однесувањето на Министерството за урбанизам и тоа од подрачната единица во општина Чаир, односно како што беше искажано во нивните барања дека биле рушени исклучиво куќи на припадници на албанската народност. Јас тогаш дадов барање доколку таа нивна делегација биде примена од одредени структури овде во Собранието. Конкретно тие беа примени од другарот Тито Петковски и господинот Лепавцов. Затоа барав исто таква делегација да оди во Дебар и да се запознае со нашите македонци таму и нивната ситуација во која што живеат. Со оглед на тоа што до, ден денешен не беше удоволено на моето барање, јас набавив една информација од оваа подрачна единица при општина Чаир на Министерството за урбанизам и барам да биде ставена како точка на дневен ред од причина што јасно овде се кажува дека најголемиот број објекти фактички се срушени на Македонци, дури 43% и на Роми 29%, а дека само 18% биле срушени куќи на Албанци. Затоа барам оваа точка да биде ставена на дневен ред бидејќи после тој разговор со структурите на Собранието се стопира извршувашето, односно на рушењето на бесправно изградените објекти, не само во таа општина, туку и во цела Македонија. Со оглед на тоа што тоа е од строго итен

карактер, ова рушење бидејќи сме сведоци дека врз Македонија се врши инвазија од Албанци од Косово кои бесправно градат, се населуваат. Барам оваа точка да биде ставена на дневен ред и да му дозволиме на Министерството за урбанизам да си ја врши својата работа. Инаку би кажал уште и тоа дека во текот на денешниот ден продолжено е да се рушат дивоградбите, но единствено, повторувам пак, на Македонци и тоа на Љуботенски пат и Кучевишка бара, исто така во општина Чаир.

Исто така барам бидејќи пред четири седници барав на едно мое пратеничко прашање кое што го имав поставено пред 4 месеци каде што укажав на едно флагрантно кршење на Законот при избор на директор во Републичкиот завод за вештачење, претходната влада тоа го изврши. Од оваа влада барав пред три, или четири седници и никако неможам да добијам ниту мислење, ниту одговор на моето барање. Заради тоа, барам бидејќи најверојатно Владата нема намера да ми одговори, барам состојбите во Републичкиот завод за вештачење да бидат ставени на дневен ред на оваа седница. Од причина уште повеќе што во претходниот состав ова Собрание, Општествено-политичкиот собор имаше одредено група која ќе ги следи состојбите во оваа јавна установа и која што даде мислења работната група од претходниот Општествено-политички собор дека новоизбраниот, односно стариот директор е главен виновник за сите тие состојби во тоа јавно претпријатие, а посебно од тоа реизборот и од правна точка е потполно во судир со Законот за реизбор на функционери. Со оглед на тоа, барам овие две точки да бидат ставени на дневен ред.

V/3

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Имам предлог за дополнуваше на дневниот ред. Во најавата за денешнава седница беше предвидено по скратена постапка да се донесе закон за неприменување на Законот за општествениот капитал и член 4 од Законот за исплата на личните доходи, на средствата за непосредна заедничка потрошувачка и на средствата за исхрана во текот на работата во делот што се однесува на издавањето интерни акции. Колку што сум информиран предлогот за донесување на овој закон речиси без забелешки е прифатен од Владата и со нејзино мислење предлог-законот беше доставен до собраниските тела и до пратениците со цел да се донесе на денешнава седница. Меѓутоа, тој не е содржан денес во предложенниот дневен ред. Имајќи го во предвид позитивното мислење на Владата, а уште
повеќе огромното значење на ова прашање како и се поизразените реакции на огромен број граѓани заради досегашниот начин на приватизација на општествениот капитал во Републиката и неретките манипулации, па и злоупотреби на тој план, предлагам ова прашање да биде ставено на дневен ред на денешната седница и законот да го донсеме онака како што веќе беше предвидено. Во исто време барам Владата да ги објесни причините и мотивите поради кои таа точка е симната од дневен ред. Ова дотолку повеќе што предлагач на Законот е Владата на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Бидејќи некој изгледа има дебели живци нечие трпение да го става на коцка сакам да го информирам ова Собрание дека толку дебели

живци имам и јас за да го искористам моето право да одделни прашања ги кажам и од оваа  говорница.

Во член 98, став 2 од Деловникот кој е во сила се вели: Во предлогот на дневниот ред претседателот на Собранието ги внесува сите прашања што до денот на свикувањето му ги доставиле работните тела, како и пратениците, функционерите и органите кои спред Уставот и овој деловник се овластени да предлагаат определено прашање да се стави на дневен ред за седница на Собранието. И сега незнам зошто работното претседателство и претседателот дозволуваат пратениците кои во редовна процедура доставиле писмен предлог да излегуваат и од оваа говорница да предлагаат она што веќе го доставиле во писмена процедура. И сметам дека тоа не претставува ништо друго, туку манипулација со овој Парламент. Пратеникот Зоран Крстевски ни достави денес, всушност вчера доставил до претседателот на Собранието писмено обраќање. И ние од вчера, денес добивме бидејќи толку ни е експедитивна Стручната служба, добивме веднаш писмен материјал за да се запознаеме, а одделни пратеници, зборувам и за себеси кои писмени материјали и предлог за точки од дневен ред доставуваат од месец февруари до пратениците не можат да стигнат. Ако некој се помирил спрема некого да се применуваат два аршина во поглед на спроведувањето на Деловникот, јас тоа за себеси како пратеник не го дозволувам и секогаш ќе го потенцирам, а верувам дека Собранието на таквото свое инертно однесување треба да стави крај. Предлог во писмена форма добивте од моја страна што барам да се стави во дневен ред. За сите овие точки материјали се доставени во месец февруари, март, април, а пратениците воопшто не ги добиваат. Ако претседателот не сака да ги става во дневен ред, тоа

е негово лично право, меѓутоа обврската според Деловникот да ја почитува. Ако му згрешила Стручната служба, секретарот, да покрене постапка, нешто да промениме во тие личности. Меѓутоа, не да дозво-луваме пратениците да ги правиме паљачовци од оваа говорница. Од овие една, две, три, четири, пет, шест точки што ги предлагав за дневниот ред на првата наредна седница- кои,мораат да се најдат овде. некои беа разгледувани во работни тела, Собранието, односно претседателот беше должен да каже: "Тоа работно тело го разгледа со вакво мислење. Предлагаме таа точка да не се разгледува од овие причини ", како што беше предлогот и за Декларацијата и за Платфор-мата. Меѓутоа, нема право ако работното тело има негативен став да тоа воопшто не дојде и во редовна процедура на дневен ред на седница, поготово ако е во писмена форма. Одлука за поништување на Одлуката за обезбедување средства на политичките организации и други форми на организирање, писмено ја предложив на 25-ти февруари во постапка и во форма како што треба да се донесе. Воопшто пратениците ја немаат добиено. Затоа јас вложувам најостар протест и барам Деловникот да се применува рамноправно спрема сите пратеници. Предлагам за овие точки ако воопшто не се стават на дневен ред, а поминале во работните тела, за тоа претседателот на Собра-нието да ги информира пратениците и пратениците да кажат дали се за, или против, па макар за некој предлог да добиеме еден глас за, или еден глас против. За петтата и шестата точка што ги предлагав, ако не се усвојат бидејќи материјал немаме, предлагам да утврдиме рок, тоа и во Деловникот е утврдено. Ние не можеме точките да ги одлагаме до бесвест. Предлагам за точките ако не влезат во дневниот ред, а верувам дека очигледно неms/ бидејќи материјалите ги немаме .

разгледување на состојбите и проблемите за земјоделството во СРМ и предлогот за донесуваше на одлука за поништување на Одлуката за обезбедување средства на политичките организации и другите форми на организирање и здружување за спроведување на изборите за претставници во Собранието да се стават на првата наредна седница, а пратениците сите материјали кои ги имам доставено да ги добијат во писмена форма. Кога ќе треба да се свика седница нека им се укаже, материјалот од оваа точка ви е доставен со таа пратка, а не материјалите да ги држиме за да некој ги чува во фиока.

СТОЈАН АНДОВ:

Кога дискутираме конкретно за дневниот ред, треба да се предлага што да влезе во дневниот ред, или нешто да се измени. Инаку се што било кој пратеник овде предложил, се е доставено до пратениците и до Владата.Тоа или е сега во постапка кај Владата и чекаме нивно мислење и оди во постапка и го уврстуваме во дневен ред и тогаш известуваме, или пак веќе било на работните тела и во извештајот од работните тела стои каква е неговата судбина. Според тоа ние многу време ќе изгубиме и крајно е нерационално да ја повторуваме овде работата на работните тела. Затоа постојат работните тела да објаснат зошто дошле до предлогот кој го даваат и во извештајот тоа добро стои. Инаку има и некои предлози кои да кажеме, еве сега господинот Петров зборува за укинување на одлуката за финансирање на политичките партии. Исто таков предлог има од господинот Крстевски кој тој го спомна. Овде ние не известуваме, вашите предлози се дадени на сите пратеници, вие ги знаете.Не можеме да го уврстиме во дневен ред додека Владата не ни достави материјал со конкретни предлози. Инаку на основа на што ние ќе расправаме ако Владата донела некоја одлука, треба да ја поништи, а Владата не ни дозставила предлог-материјал со

конкретни решенија по кои треба да расправате вие и во работните тела па и овде да ги ставиме. Оттаму работите треба да ги следиме така да оној дел за кој ни е нас неопходна Владата, прво, се што доаѓа до претседателот на Собранието, се веднаш се упатува до Владата и до сите пратеници. Потоа чекаме Владата да достави одговор, мислење, предлог итн. за да можеме да отвориме ростапка. Трето, ги добиваме извештаите на работните тела за да знаеме како било постапено во надлежните работни тела. Тоа што во работните тела, на пример еден од законите кои ги предлагал за комуналните такси господинот Петров овде, јас не го ни спомнав нормално, затоа што во работното тело каде што учествувал во работата тој, така ми е мене пренесено, во извештајот таму стои дека е договорено да одат како амандмани и оделе како амандмани. Така што не можеме ние целата работа на работните тела овде да ја повториме бидејќи замислете има 20 работни тела. Ако ние овде ја повторуваме работата, Собранието ќе се претвори во работно тело. Не можеме на тој начин да работиме, бидејќи со тоа нема ништо да постигнеме. Затоа ве молам, верувајте, преверете дали вашите предлози немаат таква судбина да кога ќе се достават до нас веднаш одат до Владата и до пратениците. Натамошната постапка се одредува од темпото колку Владата стигнува да направи материјал, да даде мислење итн. Затоа пак на Собранието од тоа како тој рече еден погрден збор како изгледаат овде пратениците. Треба да водиме многу сметка со кои предлози одиме, дали не ја засипуваме Владата со предлози кои еднаш биле, или кои немаат основа, однапред се знае дека немаат основа во системот итн. Тогаш Владата ќе се изгуби во барање решенија по јалови предлози кои не носат подобрување на работата, ниту на Владата,

ниту на Собранието и такви одговори добиваме од Владата, а често пати и многу ургенции имаме. Меѓутоа, ние сега да одиме вака.

Прво, предлогот за дополна на дневниот ред од господинот Пановски за да влезе информација, да се разгледа сега информација за текот на руштешето на дивоградби на улица "Дижонска" и цела оп-тина Чаир.

Дали некој бара збор во врска со овој предлог?

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Бидејќи сум пратеник од тој реон на градот, мене ме боли како за едните, така и за другите. За жал не го гледам тука господинот Лепавцов, а сакав нему да му се обратам. Во право е господинот Михаил Пановски што го постави тоа прашање. Не треба да гледаме кај едни ѓаволи, а кај други да гледаме ангели. Треба да се гледаме како луѓе. Јас незнам господинот Лепавцов какви се компетенции има, затоа што ми се чини настана една анархија во поглед на комуналниот систем и во поглед на тие служби. Дури највулгарно некои инспектори се однесуваат спрема некои лица, од господата министри на некои ресори.

ТОМЕ АНАСТАСОВСКИ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас не знам на кого паѓаат компетенциите на тие инспекциски служби. Без разлика кого рушат, дали мене или некој друг, тие рушат. Рушат како што тие самите знаат. Така да нека се внесе оваа тема во дневниот ред и да се дискутира по неа. Ми е жал што не е господинот Лепавцев тука, па да му се обратиме нему.

СТОЈАН АНДОВ:

Интервенцијата на господинот Анастасовски е на место. Треба да видиме, не е тука господинот Лепавцев, но да видиме било кој од присутните членови на Владата, еден овластен претставник кој би ни кажал какво е неговото мислење, дали е можно сега да се разгледа таква информација, дали имате компетентна информација и дали оценувате дека е толку итна работата да мора денес да се разгледа.

ЈОВАН АНДОНОВ:

Сметам дека не е во ред на денешната седница на Парламентот да расправаме за едно такво суштествено и есенционално прашање. Мислам дека предлагачите треба да го достават тоа во писмена форма до Владата и ние да видиме за што всушност се работи. Значи, да се одложи ова прашање од денешната седница, односно да не се става во дневниот ред за денешната седница.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Јас мислам дека треба да престанеме да предлагаме вакви точки на дневен ред. Не за тоа дека не сум за тоа тие да дојдат на дневен ред, точката е многу интересна, меѓутоа ние немаме такви информации. Не знам јас колегата пратеник од каде ги добива тие информации. Ако веќе добил такви информации од одредено министерство.

е должно оваа информација да ја достави до сите нас, ние да се запознаеме со неа и тогаш да ја ставиме на дневен ред за да можеме сите рамноправно да дискутираме.

Ако ми допуштите да не излегувам по втор пат на говорница, да ви кажам дека исто така јас имам информација за Заводот за судски вештачења и тоа три - четири информации од оние групи кои претходно работеле. Меѓутоа и тие информации треба да ги добиеме сите ние, да ги проучиме и да го поставиме прашањето на дневен ред и да можеме по него да дискутираме сите рамноправно. Од лични амбиции да не поставуваме прашања. Инаку рушењето е добро да го видиме тука, но сите да ја добиеме таа информација. Сметам за наредна седница и ова прашање и другото да се постават, но со материјал за да можеме да дискутираме. Само така можеме да прифатиме одредени предлози.

НЕИМ СЕЛМАНИ:

Го потенцирам прашањето што го постави господин Пановски бидејќи сме сведоци дека околу ова прашање во последните три години се крева огромна врева.

Тоа што го рече потпретседателот на Владата со посебна информација, меѓутоа добро би било околу оваа информација веројатно ќе се формира и некоја работна група која ќе утврди дека до 1990 година градот Скопје имаше над 30 илјади диви градби, па да видиме тие 30 илјади диви градби дали се градени само во "Дижонска" или има и во други делови на град Скопје, да видиме како се реализираат тие планови, зошто баш токму во овој дел сега се потенцира за реализација на планот, кога е усвоен планот, кога се усвоени планови од другите делови за град Скопје. Да се направи значи една целосна информација со сите тие прашања да ги разгледа парламентарна група, па ќе видиме како се дошло до тоа. Инаку, кога зборуваме за дивите градби а далеку

повеќе има диво градби во другите градови во Македонија отколку во Скопје, а воопшто не се потенцираат на ваквите седници. Значи, посебна информација да се оформи на Владата па да се види како се реализираат воопшто плановите на град Скопје.

СТОЈАН АНДОВ:

Тоа сега е нов предлог. Јас сакав ние сега да се изјасниме по предлогот што е даден.

НЕИМ СЕЛМАНИ **:**

Добро, тоа што го рече потпретседателот на Владата, го прифаќам потполно.

СТОЈАН АНДОВ:

Вашиот предлог сегашен да расправаме за сите дивоградби во Македонија, сигурно не го давате сега.

НЕИМ СЕЛМАНИ :

Не.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Бидејќи имав обврска да го информирам и Собранието после разговорот со оваа група, јас само би предложил следното:

На разговорот се договоривме Министерството за урбанизам, градежништво и екологија да подготви опстојна информација како во врска со наводите ги наведе групата со која разговаравме во писмена форма, така и за целината на проблемот и да му предложи на Владата решение за проблемот, а Владата да го информира Собранието конечно како го решила тој проблем. Според тоа, смислата на расправа на де-нешната седница би била ако сме ние подготвени да можеме да ја завршиме

седницата со некои заклучоци, ставови, одлуки и тн. Во овој момент без тие елементарни информации ние не сме во состојба квалификувано да расправаме ниту пак да донесеме компетентни одлуки, ставови или заклучоци.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја слушнавме расправата.

Го ставам на гласање предлого на господин Пановски - Информација за рушењето на дивите градби во Скопје.

Дали останува предлогот на господинот Пановски оваа информација да се внесе во дневниот ред за денешната седница.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Со оглед на итноста на проблематикава, бидејќи сме свесни што се случува, нон-стоп ова како да е"диви запад", тоа што го имаме во каубојските филмови, Македонија е ветена земја за некого и нон-стоп некој се населува овде. Затоа барам ако ништо друго барем да донесеме заклучок сите дивоградби, независно од чија националност се, да се рушат.

Ме интересира кој е тој што забрани да се рушат дивоградбите таму. Сакам да ми се даде име и презиме, независно дали е министерот или било кој.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега се наоѓаме во потешка ситуација. Господин Пановски го повлече првиот предлог, а сега предлага решение. За тоа ние треба да слушнеме и Владата, да заседаваат работните тела.

ФАИК АБДИ:

Мене многу ме засега ова прашање што го постави господин Пановски, бидејќи јас сум претставник на едно подрачје каде што секој

ден никнуваат диви градби и се рушат. Секој ден доаѓаат жалби кај мене и во партиската просторија и дома. Јас се согласувам дека треба да се разгледа оваа материја, но цврсто сум убеден дека не може тоа днес да го направиме. Затоа добро е тоа што го кажа господинот потретседател Петковски, Владата да подготви под итно еден таков материјал и ние да расправаме овде, затоа што имаме граѓани кои што нема каде да живеат.

СТОЈАН АНДОВ:

Сега имаме предлог Информацијата да се стави на дневен ред. како што го сватив господин Пановски тој тоа го повлече, а предлага за тоа да се донесе заклучок, да се срушат сите дивоѓрадби во "дижонска".

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Се повлекувам под услов Владата да достави материјал за идната седница и ние да расправме за оваа работа на таа седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Образложението што беше дадено овде и од Владата и од дру-гите, господинот Пановски го модифицира да мора да биде на првата наредна седница.

Дали Владата го прифаќа овој предлог? (Го прифаќа).

Вториот предлог на господинот Пановски беше проблемот околу директорот на Републичкиот завод за вештачење.

Молам, кој бара збор?

Тука бараме мислење и предлози од Владата.

Дали е можно денес за тоа да расправаме, дали е Владата спремна за тоа нешто.

ГОРГИ НАУМОВ:

Владата на Република Македонија го задолжи на последната седница Министерството за правосудство и управа да изготви информација и да ја достави прво на разгледување на Владата а потоа на Собранието. Од тие причини сметам дека денес не би можеле пратениците да расправаат по оваа точка.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали пратеникот Пановски останува на предлогот?

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Бидејќи пред четири седници ми беше одговорено од страна на претставник на Владата а еве од тогаш поминаа како' што реков четири седници, при иста ваква процедура на утврдување на дневен ред, затоа барам претставник на Владата да ми одговори дека за првата наредна седница ќе биде доставена таа информациј и таа точка ќе биде ставена на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали претставникот на Владата може да прифати таква обврска, тоа прашање да се стави на дневен ред на Парламентот на првата наредна седница.

ГОРГИ НАУМОВ:

Рокот за прва наредна седница е многу краток. Ние вчера добивме официјално писмо од Владата да ги приберееме сите материјали и да извршиме увид во работата на Заводот за судски вештачења. Мислам дека тој рок е многу краток. Може да биде тоа во рок од еден месец.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Само во две реченици да ја објаснам цела ситуација. На господинот сегашен директор на Заводот требаше да му се изврши реизбор на 15 јуни. Прекршен е Законот за именуванЊе на реизборот од страна на старата Влада. Наименуван е на 15 јануар, шест месеци подоцна, а требаше 15 дена порано. Тоа се очигледни факти.

Второ, не е почитувано мислењето на делегатската група на претходниот општествено-политички собор. Старата Влада користејќи го вакумот околу новиот Парламент и старото Собрание го именува господинот за директор и покрај тоа што делегатската група го прогласила за главен виновник. Јас пред четири седници го поставив тоа прашање и ми беше одговорено да почекаме да добиеме мислење од новата Влада. Толку е очигледна работата. Тука имаме флагрантно кршење на Законот. Дури имам информации дека одредени политички моќници на висока положба во Републиката, стојат зад тој човек и затоа постојано се одлага, да дојде лето, па септември итн. Барам и инсистирам на првата наредна седница Владата да даде децидна информација.

СТОЈАН АНДОВ:

Изгледа ние влегуваме во расправа.

Ве молам, дајте да се изјасниме само за тоа дали тоа прашање да се внесе во дневниот ред за денешната седница на Парламентот и дали да се прифати овој рок.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Јас мислам дека ние имаме и одредени одговорности кога зборуваме од оваа говорница. Јас три пати го слушам колегата како зборува

за оваа работа. Јас имам добиено три информации од пратеничка група од порано која има одено таму, има информација од Владата, има три-четири информации, па сметам дека многу брзо оваа Влада ќе може да презентира материјал за оваа работа и тогаш кога ќе дојде материјал, тогаш ќе дискутираме и по одредени одговорности наши, како ги поста-вуваме од лични интереси одредени проблеми. Не може тоа така. Реков, јас имам три-четири информации и тоа официјално од Карајанов и други кои што сакале, како што вели Панов овој проблем да го интернацио-нализираат. Молам ова прашање да се одложи за наредна седница, да се дадат овие информации, а ние овде да видиме како се користи пратеничкото право.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, ние имаме два предлога. Предлогот на господин Пановски за првата наредна седница да се подготви информација за состојбите во Републичкиот завод за судско вештачење и Предлогот, односно Мислењето на Владата дека тоа таа ќе го стори во рок од месец дена.

Јас лично мислам, ако Владата оценува така и тоа надлежниот ресорен министер, тешко е било кој од нас да може попрецизно да знае што он може. Затоа уште еднаш би го замолил господин Пановски да го прифати тоа што Владата го предлага.

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Не прифаќам.

СТОЈАН АНДОВ:

Господин Пановски инсистира на својот предлог.

Го ставам предлогот на господин Пановски на гласање, да се задолжи Владата за првата наредна седница да подготви Информација со

VI /9.-

Предлог-решенија по прашањата што се отворени во врска со состојбите во Републичкиот завод за судско вештачење.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака? (36).

Дали има некој против? (41) .

Дали некој се воздржува од гласањето(4).

Овој предлог да се стави и тоа прашање на прва наредна сед-ница на Парламентот не е усвоен.

Меѓутоа, да ја задолжиме Владата за еден месец да ја подготви  таа информација. Јас мислам дека ние треба да направиме и таков заклучок, за да не се одолжи повеќе оваа работа, ако не ги задолжиме.

Кој е за овој предлог, да се задолжи Владата за еден месец да ја подготви таа информација? (78).

Констатирам дека овој Предлог-заклучок е усвоен.

СТОЈАН АНДОВ:

Минуваме на предлогот на пратеникот Андоновски, посеб-ниот закон за општествениот капитал, што го образложуваше. Сакам да ве информирам, дека во разговор со претседателот на Владата ми го објасни следното: тој закон е работен во периодот кога не беше постигнат договорот во Југославија, во Сојузниот извршен совет, тука е претседателот на Владата, но јас ке кажам што ми е пренесено, а откако е пратен Законот до пратениците договорено е во Сојузниот извршен совет ,се до сега во областа на стопанството на стопанскиот систем и економската политика, која е во надлежнсот во сојузниот извршен совет, веќе да не се донесуваат закони кои ги дорогираат тие закони, а оние кои се веке доенсени да се повлечат.

Во согласност со тој договор претседателот ме извести дека го повлекува тој закон што не значи дека целата таа материја нема да се студира во врска со Програмата, а тие ке заземат и став по целата таа материја. Ете тоа е причината.

ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:

Јас мислам дека воаа материја не е толку едноставна, за да се задоволиме со еден ваков краток одговор, зашто претставува посебна тешкотија за сите нас и претставува една од виталните и важните прашања во однос на целото преструктуирање на стопанството итн., мислам дека тоа не го пореметува функционирањето на заедничкиот југословенски пазар ова прашање, а мислам дека претседаделот на Владата да даде пошироко образложение во однос на ова прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, ова може да биде мислење на г-динот Андоновски, мегутоа тој проект е заради тие причини што Владата ги уважава е повлечен.

Се разјаснивме и околу предлозите на господин Петров. Сите тие се во постапка, а некои се расчитени во работните тела, а оние кои не се во работните тела се испратени до Владата и ке дојдат овде кога ке ги добиеме од Владата ставовите и мисле\u045aата.

Дали може некој од Владата да ни каже по овие предлози што тој сега ги спомна, кога може да се добие мислењето и ставот на Владата.

БЕЌИР ЖУТА:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, господинот Тодор Петров има упатено еден список на барања, а јас за да дадам конкретен одговор на прашањата што сега се поставуваат јас ке ги наведам оние за кои ние подготвуваме одговор. Ако мисли во доменот на оние предлози кои се однесуваат за донесување на закони по итна постапка со кои ке се забрани продажбата на општествениот станбен фонд, па да се трансформриа оптшествениот станбен фонд во државен станбен фонд, па од државен станбен фонд да се донесе нов закон за продажба на државниот стан бен фонд во приватна сопственост. Тоа е едниот круг од 3 прашања.

Вториот круг од три  прашања општествениот  капитал да се подржавува со еден предлог да се донесува закон по итна постапка, а потоа да се доенесе нов закон од државниот капитал да се трансформира

во приватна сопственост и тој круг на прашања се подготвува одговор од страна на Владата и сигурно за наредната седница тој ке биде зрел за да се расправа во телата на Собранието.

Во тој контекст има и околу 9 барања кои се однесуваат на донесување на закони по итна постапка, а тоа е прашањето за пазарот од вредност, исто така одговорот се спрема и на тоа прашање и како комплекс , одговор на комплексно поставени прашања ќе ги добиете веројатно за наредната седница. Доколку е овој списокот бидејки јас не го слушнав кој е тој список на прашања, тоа е одговорот за овие прашања.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам во врска со претходното да ве информирам дека ние немаме предлог, Владата го повлече предлогот и немаме предлагач, немаме што да расправаме понатаму.

ГОЦЕ АНДОНВОСКИ:

Мислам дека работата во Парламентот сепак треба да се сведе на тоа пратениците да не се маргинализираат и отстрануваат од одредена проблематика што е витално важна.  Кога се однесува за вакви прашања мислам дека треба да бидеме сите запознати и ова треба да биде центар каде што треба да се елаборира таа проблематика.
Мислам дека на ваков начин да се заобиколуваат некои работи не е во ред. Јас конкретно прашав: кои се мотивите? И барам конкретен одговор на Владата кои се мотивите зашто тој Закон беше даден во процедура, тој одеше во процедура на собраниски тела доставен ви е како материјал, на крајот на краиштата секој си плаче на својот гроб. Ние знаеме што значи тој закон во монополски организации како што е

кај нас во Македонија. И не е така едноставно сега да го заобиколиме и нема да расправаме по ова прашње. Јас затоа инсистирам, ако не друго да не излегувам повторно на говорница, мојот предлог да се стави на гласање ако веке на ваков начин се заобиколува. Јас затоа инсистирам за мотивите за да барам конкретен договор од Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Знаете, кога работиме мора да се држиме до Деловникот ние имаме материјал кој беше испратен до Владата и кој е повлечен. Ве молам, јас дадов објаснение како ми е речено, ќе го прашаме претставникот на Владата дали има дополнителни објаснувања, мегутоа тоа е ставот на Владата и никој не ги маргинализира пратениците туку кажуваме што е ставот на Владата. Тоа го објаснуваме, ништо друго. Ако пратеникот Гоце Андонвоски место Владата сам го предлага истиот текст или нешто друго прави треба да каже дека е тоа негов предлог, а Владата ке ја прашаме дали тоа го прифаќа. Тоа е работата, молам да се разјасниме.

Молам претставник на Владата нека објасни.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Не знам каде се свртува вниманието на оваа проблематика. Ние пристапивме кон согледување на некои конкретни состојби, мегутоа во начело се сложија претседателите на републиките пред сојузниот премиер да не покренуваат блокади во процесот на генералната реформа која се спроведува во Југославија. Во тој контекст е и сопственичката трансформација и бидејки се договоривме на последниот состанок да овозможиме нормален проток како на југословенскиот пазар

така и на 11 + 3 услови за кои гласавме сите претседатели на републиките, не гледавме во тој контекст, значи ние го разгледувавме порано тој аспект на тие монополни позиции на некои претпријатија кои се околу влијанието и откупот на интерните акции, не гледаме сега за потребно во оваа фаза да го свртуваме вниманието вон од општиот југословенски процес на разрешување на овие проблеми. Ние во ова меѓувреме, значи не дели цел не полн месец, ке ги иситуираме сите состојби во регулирањето на оваа сопственичка трансформација и ке предложиме на закон кој ке ја регулира таа материја. Јас мислам сепак да има едно трпение, со поголема аргументација без да чиниме блокади на југословенски план и малку се отопува таа замрзната состојба во Југославија, да се надеваме дека процесите ке тргнат на арно и ние во тој временски период ке стигнеме да го изградиме моделот на сосптвеничката трансформација. Имајте трпение за еден краток период. Тоа е ставот на Владата.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Најпрвин би сакал да кажам нешто за предлогот на овој закон. Прво, ако вака продолжиме да работиме нема да постои економска оправданост за постоење на Владата на Македонија заради тоа што потребно ке биде само да ги применуваме сојузните закони. Ако има влада на сојузно ниво кое ке ги носи сојузните закони, тогаш нема потреба да го оптеретуваме Републичкиот буџет за издржвуање на републичка влада.

Второ, да го прогласиме ова Собрание за подрачно одделе-ние на Уставниот суд на Југославија бидејки нема потреба Уставниот суд да ги цени законитоста и уставноста на нашите закони и акти

Ние во работните тела ке кажиме дека е противуставен еден акт со Уставот на Југославија извршивме работа што треба да ја работат уставните судии на Југославија. Затоа сметам дека Законот треба да влезе во редовна процедура во ова Собрание. Ако ништо друго, ако не го предложи пратеникот како негов предлог, јас ке го предложам како мој предлог, па Собранието нека се изјаснува, меѓутоа, сакам да кажам принципиелно  за некои работи да си заговараме. Иницијативи од доменот на работата на ова Собрание иницијатива, предлог  барања кои ги псотавуваат пратениците во Деловникот имаме утврден рок од 15 дена Владата е должна да подготви одговор и свое мислење. Ако Владата мисли дека рокот од 15 дена не и деоволен, нека на првата наредна седница не информира претседателот. Владата бара тоа прашање да се разгледа во рок од месец дена, во рок од 2 месеца, меѓутоа пратениците да бидат сигурни дека тоа прашње во одреден рок ке стигне на дневен ред за да знаат ако се пречекори тој рок да побараат одговорност од некого. Вака сме ставенив о неизвесност. Поднесуваме, Владата разгледува, работните тела разгледуваат, пратениците не знаат кога нивните предлози ке стигнат на дневен ред. Токму заради тоа се однесуваат и моите забелешки.

Прво, што материјалтие не се доставуват до пратениците кога пратениците ги доставуваат до ова Собрание и

Второ, рокот од 15 дена не се почитува. Бидејки мојот предлог не се однесуваше за кругот за тие прашања што беа спомнати од потпретседателот на Владата, туку за разгледување на состојби и проблеми во земјоделството и предлог за донесување одлука за поништување на одлуката за обезбедување на средства на политичктие организации од стариот Извршен совет. Тоа се регуларни предлози поднесени.

*VII/7,.*

Предлог ми е на правата наредна седница да ги разгледуваме. Да утврдиме рок, ако Владата цени да каже друг рок па ние како што го направивме со Информацијата ке го завршиме без воопшто да се расправаме да си гинеме живци на воаа сендица на Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Најголем дел од овие проблеми ке се симнат кога ке ја донесеме програмата за работа.

НИКОЛА КЉУСЕВ:

Јас би сакал нешто да преговорам за интересот на пратениците преку пратеничктие прашања. Тоа е добра амбиција да се поставуваат прашања. Чувме дека минатата седница на Собранието уаптило над 120 прашања. Што си мисли овој Парламент? Владата дека е сервисер само да одговара на прашања или треба да изградува филозофија за излез до кризата на Македонија. Дали оваа Влада треба да го концентрира вниманието на севозможни прашања кои можат да бидат рационализирани, кои можат да бидат и атрактивни за стимулација на Владата да креира една политика, но треба да има еден разумен процес. Ние се наогаме во една фаза во која сакаме да изградуваме нов систем. Верувате дека овие тековни проблеми со кои се судираме, со севозможни интереси и разните притисоци на населението и работниците во штрајкови, немири итн. може Владата да ги апсорбира така лесно.

Секој потес што го преземаме е пред јавноста, па дури се изненадуваме и ние како некој работи кој другчие ги дискутираме како се прикажуваат  пред јавноста. Со целото лакардијашење на таа јавност да ја наречеме и на разни писма до Печатот и сите тие проблеми што вршат, барем според наша оценка и необјективна критика

кон Владата. Наша намера е дека видовде дкеа оваа Влада работи со стари законитости и таа не може да изградува нов систем, јас како претседател на Владата побарав на последната седница да се донесе посебна одлука од страна на Собранието,тоа ке го решавате на следната седница, да даде посебно овластување на Владата, затоа што кај да чепнеме, се одговара, амо тоа не е со закон, тоа треба да се менува Законот, кај да тргнеме се се  блокади. Може ли да изградуваме нов политички, правен и економски систем во такви услови. Ние, драги пратеници неможеме. Тоа е таа загатка, тоа се тие дубиози, тоа се тие левиринти низ кој минува владата. Сакате вие како пратеници нејзе да и помогнете, на која сте и дале доверие. Оставете не да ги обмислуваме работите, оставе те не од тековните проблеми кои се од интерес но тие ке се премогнат во глобалните разрешуваша во изградувањето на овој систем.

Стариот амбиент, стариот систем, стариот кадар речиси на свој начин создава бариери на новата влада. Јас сега ви јавувам дека ние не можеме да работиме така. (аплауз).  Ако сакате вие да продолжиме така, верувајте дека ке влеземе во хаос, и немојте да се мечуваме со духот на мојот млад коелга Петров кој е амбициозен може да биде мошне креативен, но треба да го запре својот ход во пренагласените барања од Владата, затоа што тој што го тоа бара тоа е предмет на темелна анализа и оценка на секоја седница на Владата, но ако ние не можеме да се смогнеме да ги докрајчиме работите имајте верба во нас, конечно ние сме 2-3 месеци. Верувате во кавки услови работием ние. Прашајте ги тие луѓе  колку саати спијат. Ние мислевме дека ке заврши Парламентот до 4 и закажавме седница во 4,оо часот, да го разгледаме Буџетот за да ви го дадеме за наредната седница. Ние сме во неможност, не затоа што немаме интелектуална

сила, физички и разни други разврзлами, кои што не опкружуваат, не ми даваат шанса за работа. И навистина, кога ние согледавме на овој проблем дека е атрактивен, немој да се затрчаме,а кој е најсложен проблем како што е сопственичката преструктуираност. И нма тоа треба да се оди со сериозност. Не сме ние епизода, драги мој Петров, извинете што ви се обраќам, и империорна позиција што ке решава сојузната влада. Ние имаме доволно мозок да изградиме систем на сопственичка трансформација, но сакаме да бидеме трезвени, да не влегуваме со нерасчситени премисии, и да ги знаеме поседедиците реперкусиите од сето тоа. Секое затрчување на тој домен е фатален. Авантури не ни се потребни. Пармантизмот што не носи треба да го уземљиме во интерес на разрешување на кризниот потрес и заштита на оваа суверена македонска земја.

СТОЈАН АНДОВ:

Мислам дека е сега појаснето. Имаме еден проблем по кој е многу јасен ставот на Влдата.

РИСТО СТАМЕНОВ:

Јас имам, јас досега сум бил и сега стојам на линија на Владата, мегутоа имам тешка забелешка на Владата. Зашто? Проблемот на сопственичкото трансформриање е тежок проблем, но овој проблем го постави Владата како закон. Бидејки Владата го повлекува како закон требаше да образложи зашто јас ги прифакам овие заблешки, меѓутоа не е забелешката затоа што ние и пред тоа имавме и сојузен закон. Истата таа наша влада знаејки дека има сојузен закон предложи да ги кршиме тие сојузни закони.  Сега кога се договрија горе, дека не треба да ги кршиме што е исправно, го повлекува Законот

без да образложи и оттука потребно е да заклучиме дека овој предлог не може да биде на дневен ред не затоа што беше избрзан, проблемот е во тоа што Владата мора под најитно време таа не може да го реши тоа прашање, тоа е комплексен проблем. Проблемот е во тоа што се граби општествениот имот, како да најдеме  начин времено да го запреме тоа, да го умртвиме, тој да не се носи без пари, а нека пдоготви соодветни одлуки, модели,како да заштитиме. Јас се согласувам со  нашиот рпетседател дека е тоа проблем, меѓутоа зашто го постави и тука е мсилам грешката, во тоа е грешката што ние сме го поставиле и сега требаше да кажеме зошто со едно длабоко и дебело образложение зашто тој проблем го одлагаме и да не то поставиме на дневен ред. Не беше доволно дека во Белград се согласивме и затоа го одлагаме проблемот.  Во монополските организации,  нашите вработени кои што не вложиле динар сакаат целокупната имовина да ја земат без пари. Повелете Владата нека најде решение ова да се спречи со Сојузната влада. И затоа јас прелагам ова прашање да не биде на дн евен ред, да се одложи, но по најможен брз начин ова прашање да излезе пред Собранието и по него да разговараме.

VIII/1-JJ/лј

СТОЈАН АНДОВ:

Молам имаме овдека повеќе различни предлози и сега се јавуваат многу дискутанти. Има збор господинот Џаферовски.

ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, прво изгледа добро не се разбравме. Другарот Гоце Андоновски предложи да оди во дневниот ред предлогот на овој Закон. Ние сега со некакви објаснувања, зашто се повлекува и како се повлекува, се повлекол се кажа зошто а другарот Гоце предложи да оди односно да се стави во дневниот ред.

Ви се молам ова е сериозно прашање. Сметам дека нема да ни прости Македонија нам ако дозволиме на овој начин да и понатаму, би рекол, да се врши трансформација на општествениот капитал на еден, да кажеме, според мене многу нечесен начин. Овде нестанува збор само за оние мали организации, кои се таа трансформација на определен начин ќе заживеат. Станува збор за еден"Макпетрол" каде што ова општество има милиони долари можеби и милијарди истурено. А станува збор за така огромни организации кои имаа монополски однос во ова општество и на кои организации отсекогаш општеството им ги покриваше загубите и ги доградуваше што не е резултат, тој општествен капитал не е резултат на сторениот вишок на вработените таму, туку на издвоени средства од сите граѓани на оваа Република. И според тоа никакво право не можат да имаат тие вработени ако имале среќа да бидат во такви добри организации каде што општеството не дозволувало да пропадне, да останат да работат, да примаат добри лични доходи и да им се овозможи со интерни акции, според мене, кои мислам не се во ред, без разлика дали се тоа предвидени

во законот на господинот Маркмовиќ или не. Не можеме ние сега да се вљубуваме во личности ако некој донел некој закон и тој да мора да биде добар.  Интерните акции се само мост односно овозможување да се дојде до капитал односно да стане газда да даде пари, односно ни половина динар. Такво нешто не познава економијата. Без екстерни акции каде што правата вредност се утврдува и се внесува жив капитал, јас незнам што ке се случи, само ке се мени газдата, бидејќи има организации кои се во загуба и го прават истото. Што е тоа што ке се продава. Јас сметам дека овој закон треба да оди, да се стави во дневниот ред. Го поддржувам предлогот на другарот Гоце и барам од страна на изготвувачот на овој Закон да ја образложи причината на донесувањето на овој Закон во ваква постапка.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господинот Стоиле Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Исто и јас имам забелешка од преескa дигам рака а не ми беше дадено збор. Исто така сакам да го поддржам претходниот дискутант во целост  и да не повторувам интерни и екстремни акции и се друго, се знае.Го слушавме и господинот Кљусев објаснуваше институтот интерни акции во светот не е познат. Според тоа исто и јас лично чувствувам дека е тоа чисто разгранување на т.н општествен капитал. Барам, исто така, на оваа седница да се расправа по ова прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Борко Горчески.

БОРКО ГОРЧЕСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, мислам дека расправаме за едно мошне сериозно прашање и се наоѓаме во период кога во Македонија  преструктуирањето барем на оние монополски организации отиде најдалеку. Оттаму мислам предлогот што беше поставен овде, да сепак и на Влаата, а мислам дека овој закон ќе оди и во полза на Владата, почитувајќи го нивното мислење, да дадеме, да овозможиме здив, како би презеле одредени чекори за да не продолжи овој грабеж. Очигледна е една ситуација, која што не е насекаде во Југославија иста. Почитувајќи ги о Сојузниот закон, само ние принципиелно изгледа досега, во сите републики се презедоа чекори и мерки киошто значења амортизирање на така брзото преструктуирање на општествениот капитал. Оттаму мислам ако денеска не сме во состојба да расправаме, а сметам дека треба да расправаме, иако од Владата имаме забелешки, меѓутоа би го поддржал предлогот да се стави на дневен ред ова прашање, а исто така редно е да се покрене иницијатива и за промена на сојузниот  закон. Од ова Собрание денеска можеме да донесеме заклучок за да дојде до иницијатива за промена на сојузниот закон за што се видливи аномалиите. Ние никаде не ставивме граница до каде може, кои организации и на кој начин да се преструктуираат. Никаде не обезбедивме економска и социјална оправданост на тоа престктуриање. Видливи се показателите какви ни се состојбите сега. Монополските организации веќе ни се преструктуирааа отидоа во приватна раце. Ако причекаме уште малку, тогаш мислам и закон да донесеме, незнам дали воопшто ќе има ефект, и дали ке има потреба ова Собрание да расправа за таков закон.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор Љубисав Иванов.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ:

Јас мислам дека ние направивме една голема нервоза од еден проблем за кој што беше овде речено дека е многу сложен и многу тежок и околу што чие решавање денеска во сите земји во кои се развива општествена сопственост, во земјите на социјализмот, најразлични модели се нудеа и еве гледате дека никој не најде право решение во правец на преструктуирање на општествената сопственост. Овде има покомпетентни лу^е од мене, претварањето на било кој вид на сопственост од една во друга е познато. Меѓутоа во праксата не е познато претварањето на општественат сопственост во друг вид на сопственост па и во приватна сопственост.

Ако ние се вратиме малку назад, знаете вие каква беше огромна дискусија околу цел тој пакет, какви се проблеми се јавија. Знаете какви огромни отпори имаше во организациите во преструктуирањето на таа општесетвена сопственост во правец на екстремни акции. Денеска кога овде стои некое големо размислување за некој грабеж и сл., мислам дека овдека многу слободно се искажуваме , ние за оргнаизации за кои што такви опасност и овде беа споменати, тие организации одамна се преструктуирани. Зашто, како да сме отсутни од тие проблеми. Се знае во Републикава кои се монополски организации. Тие се неколку. Во Републикава не се преструктуирани гро организаици. Не е преструктуирана текстилната индустрија, оној дел кој е сиромашен во индустријата. Дали ние денеска ќе донесеме закон и тоа ќе го спречи или не, со тоа ние ништо не правиме. Ние можеме да направиме само покрупни проблеми токму во овие организации со кои што треба што побрзо да се оди на приватна сопственост.

Тие не се преструктуирани. Тоа се угосителството, текстилот, трговијата, тоа се главно организации од услужните дејности кои во светот се во приватна сопственост. Одењето во државна сопственост и таа има голем ред на недостатоци за кои што би зборувале кога би го донесувале новиот закон и кога потоа прашаше би расправале. Меѓутоа, исто така, треба да се уважува зашто ова е големо движење во Југославија во позитивна смисла и она што беше вчера во Сараево и ова што се случуваше во Сојузниот извршен совет со претседателите на Владите на Републиките во Југославија, еднаш блокадите да се укинат. Ние не треба сега со некои незначајни одлуки, бар јас така ги гледам, спремен сум со секого да седнам и да разговарам по тоа прашање, ние сега да реметиме еден систем на договорање во земјата. Инаку кој год ние правец да го предложиме, еве ќе дојде време кога ние за тоа прашање ќе разговараме, сите форми на преструктуирање имаат и многу позитивни и многу негативни недостатоци. Мегутоа, тоа е една огромна област и сега за тоа не би требало да расправаме. Затоа, јас би предложил , нека се одложи донесувањето на овој закон за што на никого не му користи од при-чините што беа овде изнесени. Видете кога би го донесувале тогаш би се развила сосема една друга дискусија и една друга ситуација и тогаш би покажале се какви последици би имало кога еден ваков закон би донеле.

Според тоа јас молам, да не е сепак да го усвоиме ова што Владата го предлага односно го повлекува тој закон. Можеме да предложиме во правец на преструктуирање на општествената сопственост, Сојузниот Извршен совет заедно со нашата Влада да предложат определени модалитети, а исто така можеме да ја задолжиме и нашата Влада за една од наредните сендици на Собранието да ни

направи една анализа во врска со досегашното преструктуирање и да се видат сите и позитивни и негативни страни. И тогаш дури ние да одлучиме, дали ќе одиме ќе вршиме притисок на југословенската Влада да донесе еден нов закон , еден нов вид на преструктуирање, на отстранување на определени недостатоци итн. Јас предлагам во тој правец да ги решаваме работите.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Иван Иванов.

ИВАН ИВАНОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, практично ние веќе се впуштивме во рсправа по Законот. Мислам дека ние денеска во овој момент го утврдуваме дневниот ред. затоа предлагам за едно прашање кое што не беше поставено ниту беше најавено за денешната седница, да ја прекинеме таа расправа а тоа прашање да остане з а наредната седница дефинитивно да се разреши.

СТОЈАН  АНДОВ:

Има збор пратеникот Стојан Наумовски

СИМЕОН НАУМОВСКИ:

Почитуван пртседателе, почитувани пратеници и гости, јас ја прифаќам сугестијата на претходниот дискутант да се одложи оваа расправа за наредната седница, ја прифаќам сугестијата од претседателот на Владата и би сакал да потенцирам само еден момент. Могумина се обидуваат да излегуваат на говорницава и да се служат с6 изразот "кражба",а всушност ако тие кои го потенцираат тој израз, покушале да направат математичка операција и образложенијата по законот да ги разгледаат во детаљи што од неа се добива при трансформацијата, тогаш нема тоа да го зборуваат. Ќе кажам само

еден пример еден пат по трансформација што е по пресметка постигнат, а така се оди во многу средини, ако вредноста на капиталот затечена по законот на едно претпријатие е сто милијарди динари, за да се трансформира за неколку години преку интерни акции потребни се од прилика уште 150 милијарди динари, вкупниот капитал на крај да дојде 250 милијарди па дури тогаш сто по сто општествнеиот капитал преку интерни акции од општествена сопственост да мине во приватна. Барам да се одложи за понатаму, убаво да се разгледа ова прашање, убаво да се прочита законот, убаво да се прочитаат образложенијата па да се настапи на седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Сандре Давчев.

Меѓувреме реприка бара господин Стоиле Стојков.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Ве ценам како големи стопанственици но исто тка сакам да ви изнесам еден пример. Металски завод Тито - холдинг компанија, договорните организации се без капитал. Целиот капитал што го имаат пред тоа како претпријатија им се ставен во бардо, кај мајката, го разбирате тоа. Што значи дека даваат интерни акции а почетниот капитал им е две илјади динари. Па размислете на кого му даваат интерни акции, кога фактички немаат ништо, освен две три машини за куцање, два три телефона итн. Сакам да ви кажам дека основните средства што пред тоа ги имале, минаа не се веќе нивна сопственост. Ете еден вид на разбојништво.

СТОЈАН АНДОВ:

Затоа велам нека се направи инфорамција по која ќе расправаме зашто има разни искуства, може и такви да има но да ги видиме.

Има збор Сандре Давчев.

САНДРЕ ДАВЧЕВ:

Господине претседателе, господа пратеници, јас скам да кажам дека не се сложувам со стопирање на Закон а да не се ндуи ништо. Вуквално да споредувам два закона, да речам овој е подобар од овој, да. Али стопираме нешто што една година е на сила и има и позитивни и негативни резултати. Ако за еден "Макпетрол" или за Стопанска банка, ако е за две организации, ние поништуваме закон тогаш ние паѓаме на испит. Па тие девијации, дајте да ги средиме, да ги видиме, кој крши, што крши, нека одговара. Али не може ние да стопираме закон и чекај сега, ќе чекаме некој друг закон или, фактички поголем хаос ќе биде ако го стопираме законот. Поголем хаос ќе биде. Така предлагам се додека не се припреми нов Закон овој да не се стопира, процедурата да оди.

ПАНЧЕ НАСЕВ:

Господин претседателе, господа пратеници, јас мислам дека овде многу лесно се даваат изјави, како пљачки итн. Можда има и такво нешто, меѓутоа во целина не е така. Јас се согласувам со другарот што предложи оваа точка да се одложи, ја поддржувам и Владата зошто прашањето не е едноставна, туку е комплексно. Меѓутоа, сакам да кажам дека за Македонија важи и надвор од Југославија, бидејќи често патувам дека е најдемократски поставена и дека реформите најбрзо ќе се одбиваат. Ако ние со изоставувањето на оваа процедура и донесувањето на овој Закон, ќе го задржиме тој позитивен процес во Македонија, и Макеоднија ќе добие сосема други конотации, сосема друг имиџ. И предлагам за да не се случи

ова, иако сум свесен дека има и некои проблеми кај овие монополски организации, меѓутоа, не треба тоа да значи дека секаде е таква работата. Во текстилната индустрија на пример, тоа не може да се случи воопшто, а со минувањето на акции ќе се променат многу работи и тоа битни во позитивна смисла.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Јовчески.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

(се повлекувам).

СТОЈАН АНДОВ:

Еве сега имаме повеќе мислења и гледишта , меѓутоа било кој да предлага сега некоја нова точка, ние го утврдивме ставот на Владата . Нас ке ни биде многу значајно што Владата по тоа прашање мисли. Тоа е деловничка обврска. А го знаеме ставот на Владата. Владата не мисли дека е денеска момент за тоа прашање да се расправа, и ни нуди господинот претседател, да го оние тоа добро простудираат и да настапат исто така, за целиот комплекс на преструктуирањето.

Тоа е едно од клучните прашања иако тука ја да кажеме, поттурниме Владата и ја доведеме во прашање, верувајте, ќе имаме ние значи вака едно стотина разни претстави за тоа како треба да се изведе процесот на приватизација. Пак нема да се сложиме. Така да тој процес неможе да биде друго освен загинување на општествената сопственост. Не може да остане општествената сопственост, а да правиме трансформација приватна. И нека ни каже и Владата тоа е едно од клучните нејзини задачи во програмата што ќе ги има нека

ни каже наскоро како тоа ќе го направи. Тоа останува нивна обврска. Иако така претседателот нас ни кажа овде, да му дадеме на доверба, една поддршка и на тој начин да се однесеме овој пат,а екстремите што ги има ќе си добијат решение после, во нивните предлози што ќе ги дадат.

Затоа предлагам да не ја ставаме Владата во искушение, да ја надгласуваме по вака битно прашање, да ја доведуваме да расправа овде, да се води распрва и да се води притисок кога та се уште не е готова.

Мој предлог е да се усвои ова Информација што е барана. Владата наскоро да излезе со тоа како е остварувана оваа трансормација кај нас, кои се главните проблеми, да се почувствуваат сите важни аспекти, ова што го зборуваше господинот Насев е многу важно, што за нас ќе значи, задржување н апроцесот на трансормацијата на капиталот во приватна сопственост. Без оглед што ние ќе мислиме само на поедини случаи, тоа во светот ќе одекне како задржување на процесот на приватизацијата.

И затоа еве да се договориме, Владата во најскоро време да ссе подготви, да организира расправи ако треба, пошироки стручни и сл. и овде да ни излезе со свои погледи, така како што и претседателот вети.

Можеме ли така да заклучиме.(Можеме)

ГЛАС ОД МЕСТО:

Не може.

IX/I/ПЈ/лј

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Го прифакам објаснувањето на претседателот на Собранието со една мала забелешка. Меѓутоа, таа мала забелешка е толку битна што ќе го промени целиот текст.

Прво, никој овде не кажа дека е против реприватизација на општествената сопственост без оглед од која партија доаѓа пратеник да говори на говорницата, ниту постои партија во Македонија која што влезе во предизборните активности, а да не каже дека ќе се залага за реприватизација или можеби е подобро во нашиот случај да употребуваме термин приватизација на општествената сопственост. Така што овој предлог овде што дојде сега на дневен ред некој сака да прогура да престане приватизацијата или да ја задржиме општествената сопственост како подобра не треба да се пласира, бидејќи никој на тоа и не одеше, ниту тоа го предлагаше.

Втора работа, ниедна од партиите што егзистира во Македонија досега не кажа дека е подобро решение или крајно решение општествената сопственост да се претвори во државна сопственост, ниту денес на говорницата никој од пратениците кои говореа на оваа тема тоа не го спомна, па така околу тоа да имаме чиста ситуација. Се залагаме за трансформација на општествената сопственост во приватна сопственост, мислам дека е тоа некоја крајна цел што мораме да ја постигнеме, меѓутоа, не како цел крајна, туку преку таа приватизација нешто друго да се направи:

Прво, да се променат структурите на раководење во оппштствените сегашни претпријатија, да се создадат ефикасни структури на раководење. Тоа е прва работа.

Втора работа, да дојдеме до јасен носител на сопственоста, титулар на сопственоста.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ: (Продолжение)

Трето, да се дојде до свеж капитал кој што ќе отвори нов инвестиционен циклус во Македонија. Ако не целосно од тој капитал, барем делумно. Меѓутоа, ние тој процес според сојузниот закон тече и ниедна од овие 3 одредници не е исполнета. Ниту дојдовме до свеж капитал, ниту се промени нешто во раководењето на овие претпријатија. Истите структури, истите луѓе кои што ги раководеа тие претпријатија во услови на општествена сосптвеност повторно сега се јавуваат да бидат раководна структура, меѓутоа сега како газди. И тоа можеме да го преболиме, меѓутоа прашањето е следното, каде, еве примерите што ги имаме на располагање каде прво се спроведе во Македонија реприватизација. Каква е структурата на македонското стопанство и дали може овој рецепт успешно и ефикасно да се применува во Македовија во услови кога имаме монополска положба на голем број работни организации, дали токму овој рецепт на интерни акции е најсоодветен. И што ни се случува? Први ни се приватизираат и веќе во поодмакната фаза некои дури го завршија тој процес токму монополските органиѕации. Ние секојдневно се бомбардирани со информации на лични доходи од по сптодватриесет или сточетириесет илјади стари динари или сточетириесет милијарди каде 20-30 се исплаќаат во кеш а другите одат како интерни акции. Ние гиганти што ги имаме, мала е Македонија, мали се нашите фирми, меѓутоа во тоа мало имаме и нешто што можеме да го процениме како гигант, како голема општествена фирма, токму тие големите општествени фирми дојдоа во ситуација за една или две години или помалку да прејдат во приватни раце. Без динар да се извади од џебот и да се плати и да се стане газда на таа фирма.

Прашањето зошто ние го фаворизираме и го пласираме овој закон е не да ја стопираме приватизацијата, туку да воведеме некој ред во целиот тој процес. Ние сме социјал-демократски сојуз, без оглед на тоа, меѓутоа, мораме да водиме сметка за една социјална правда во оваа држава, во оваа Македонија, секој граѓанин да биде доведен во иста ситуација. Не може некој само зради тоа што ја имал среќата да биде вработен во една монополска фирма, а другиот ја имал среќата да работи во Железара или во М.З.Тито едниот во рок од 6 месеци користејќи го овој закон да стане газда, а другиот да остане ништо, нула. Мора да има некаков ред. Одтука овој закон не е за да се запре процесот на реприватизација или да се фаворизира општествената сопственост, туку да се направи еден тајм аут, да се заведе ред во целата оваа постапка. Целата работа тргна од тоа дека веројатно имајќи сметка и водејќи сметка за сите овие аргументи и јас и сите што ги изложивме денес дошол на ред на Владата токму овој закон. Владата на своја седница се одлучила овој закон да се изготви. Законот е изготвен, законот е испратен до пратениците на Парламентот, Законот е пратен до телата. Значи, сите овие аргументи, веројатно, Владата кога донела да донесе ваков закон ги имала предбид. Законот е стопиран и повлечен. Се јавува пратеник Андоновски Гоце кој што вели истиот тој закон јас се јавувам како предлагач. Штом Владата го повлекува јас се јавувам како предлагач. Парламентот нека се изјасне, ќе се гласа за тоа денеска ќе оди тој закон или нема да оди. Меѓутоа, не може да биде основен аргумент тоа што ние направивме договор со сојузниот премиер да ги почитуваме сојузните закони. Ние направивме и за други работи договор, па ги кршевме. Ние знаеме дека Декларација за сувереност на Македонија донесовме, што е во спротивност со

Сојузниот устав. Ако е договорот да се направи се да не се наруши единствнеиот интегрален пазар, во тој случај можеби токму овој закон е тој кој што најмалку го нарушува југословенскиот интегрален пазар. Зашто, ова не е прашање, другите републики веќе имаат донесено закони или ги донесуваат тие закони за стопирање на реприватизацијата или со свој сопствени закони гледаат како таа трансформација да се изведе. Меѓутоа, прашањето е овој закон и целата трансформација на општествената сопственост е однос помеѓу македонската држава и македонскиот граѓанин. Ништо нема да се промени дали трансформацијата ќе оди по овој процес, по друг процес или еден или два месеци нема да се одвива, да повлијае на југословенскиот интегрален пазар. Впрочем, има економисти, нека излезат и нека ни кажат и нека ми докажат дека ако овој закон се стопира ќе се наруши југословенскиот интегрален пазар и сето друго што било прашање на договор помеѓу претседателите на републичките влади и претседателот на Сојузната влада. Меѓутоа, ако се причека уште еден или два месеци, прашање е тогаш кога ќе седнеме да разговараме за ова дали ќе имаме за што да разговараме, бидејќи тоа што е главно ќе биде трансофмирано, веќе ќе биде приватизирано и ќе бидеме во потешка ситуација, бидејќи ќе разговараме за ретроактивно испитување на работите. Тоа е лошо кога ќе мораме да се враќаме наназад па да видиме кој како правел. Ако е тоа така, а јас мислам дека е така, тогаш мислам дека е во ред да се каже стоп на оваа работа, нека се направат сите проценки и јас мисла дека е тоа прашање кое што Владата треба да даде одговор, Македонската влада и тоа право никој не го ускратува. Нека излезе со еден елаборат кој е најсоодветниот начин на трансформација на општествената сопственост во приватна сопственост на Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој бара збор? Има збор Никола Кљусев.

НИК0ЛА ЌЉУСЕВ:

Ова што вие зборувавте, тоа беше дискусијата главно. Меѓутоа, ние немавме аналитичка документација. Ние го почувствуваме процесот и сега ни е мило што исто така се придружувате кон тие наши напори. Дајте ни на нас до следната седница да излеземе со аналитички податоци, да ги поткремиме овие работи што ги дискутиравте и тогаш ќе имаме јасна претстава што се случувалс кај нас и како треба да постапиме. Ние сега работиме со емоции, вака е, така е, чувме Македонија-табак, Макпетрол, Лотарија и незнам кој, значи се случува нешто во нашето стопанство. Нашиот министер кој е задолжен за сопственичката трансформација и сигнализира на Владата. Ние во Владата немавме" многу противречности за тоа. Меѓутоа, кога сепоставува ваков сериозен проблем, сепак ние решивме во принцип сакаме да се одвиваат процесите и во Југославија во еден нормален колосек, додека даваме согласност за тие услови минимум за функционирање. Но, кога го преточуваме овој феномен во Македонија и го свикуваме во Хрватска, во Словенија, во Босна добиваме поинакво разнозначие. Тоа малку ни дава повратна спрега на информации да обмислиме и со документација да излеземе пред вас, затоа што некои републики отишле во друга крајност вршат потражување на општествената сопственост. Тоа е пак сосема друга крајност. Некои си замислуваат во трансформацијата сопственичка само приватизација. Владата така не мисли. Јас му ставив забелешка и на министерот, немојте да ја употребувате синтагмата приватизација сопственичка трансофрмација, а тоа значи ќе видиме што ќе биде

државно, а што мешовито а што приватно. Видете другари, тоа е сложен процес, а оваа тенденција која мошне луцидно ја изнесоа некои дискутанти тука, околу игрите кај оние претпријатија кој преку тие "интерни акции извршија одредено" топење на општествената сосптвеност, ние тоа ќе го преиспитаме.

За да бидам сега до крај консеквентен, јас лично и на Сојузната влада и ставив на знаење инструментот интерни акции не е најадекватен инструмент за сопственичката трансформација. Според тоа, ние сме сосема блиски во видувањето.

Дозволете, ние на следната седница ќе излеземе со аргументација и ќе го расчистиме овој проблем.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Фаик Абди.

ФАИК АБДИ:

Си земав за слобода малку да земам збор околу ова прашање кое што е многу важно, не е небитно прашање. Како да сме преплатени на утврдување на дневниот ред по 3, 4 часа но ете се случило и затоа зедов збор заради свои осознавања и мислам дека ќе ви "користат на сите вас, па и на Владата. Јас сум практичар. Јас знам по која формула и по која метода се доаба до тие пари што не ги гледаме никаде, а се состојат во основните средства во богатството во активата на фирмата.

Прво, трансформацијата од општествен во приватен капитал се бара заради поефикасно стопанисување, а не заради некој си пазар и пазарни законитости и. т.н. Се бара ефикасност во стопанисувавњето, сметајќи дека кога ќе биде тоа знам дека е моја

своина со 00,3% поефикасни ќе бидеме и повеќе ќе добиеме од добивката. Оние кои што имаат негативен минат труд, ќе добијат многу малку или воопшто нема да добијат, тие што имаат многу поинтензивен минат труд, односно вложување и т.н. ќе добијат повеќе. Мислам дека не смееме да го закочиме законот. Како Македонија, како држава она што е договорено ва ниво на Федерација треба да си оди.

Јас сум за тоа да седнеме и да видиме и на крајот на краиштата како Република да поставиме општествена контрола врз се ова што е досега направено. Ако имаме општествена контрола, тогаш ќе имаме и чисти сметки, а не вака да фрламе со дрвја и камења по стопанствениците дека се краде, дека се пљачка и тн. Не би било фер од ова место такви зборови да искажеме, се додека не видиме по пат на општествена контрола каква е ситуацијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Ако можеме да го утврдиме дневниот ред, па ќе даде и пауза

Имаме уште едно обраќање од претседателот на Владата,

Предлагам да го прифатиме.

Молам, дали се прифаќа тој предлог? (Се прифаќа)

Тогаш, тие ќе подготват материјал, информација, предлози, образложенија, анализа и ќе ни го достават тоа.

Дали има други предлози и измени за дневниот ред?

За збор се јави Симеон Ивановски.

СИМЕОН ИВАНОВСКИ:

Се извинувам, непотребно дојдовме и до нервози. Молам, јас (сум задолжен од мојата изборна единица Тутунскиот комбинат-Прилеп кој го имаат стварано 30-те илјади аргати во Прилеп, а не вработените во Тутунскиот комбинат, се приватизира. Сметам дека треба да се спречат овие работи. На претседателот на Влдата го прифаќам мислењето, меѓутоа нам не ни требаат информации, бидејќи ги знаеме. Нам ни требаат ефикасни решенија да се спречи оваа работа. Трансфомрација да, но на овој начин не. Ке може оние кои не го стварале тој капитал, да го делат. Да го делат преку некои интерни акции.Тоа ми беше забелешката односно мојата интервенција и се извинувам и ве молам дајте да имаме трпение овие работи да ги расчистуваме. Решенија, не само информации.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, па рече човекот. Решенија, информација, анализа и конкретни излезни решенија. Тоа беше негов став и треба да го прифатиме.

Дали сега го прифаќање тој предлог? (Го прифаќаат)

Дали има други предлози за дневниот ред? (нема)

Сега ќе го причитгп дневниот ред што го утврдивме.

(Се слушаат гласови дека нема потреба од читање)

Пошто не е потребно и го знаете, сите го следевте, тогаш го утврдуваме така како што го утврдувавме точка по точка уште на почетокот. Да се знаме само дека имаме 16 точки.

Сега предлагам да одиме на пауза од 15 минути, а потао да дојдеме да работиме поефикасно

СТОЈАН АНДОВ:

Да продолжиме со работа .

Преминуваме на третата точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на закнот за внатрешни рабори, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлог на закон како и извештаите на Законодавно правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за контрола над работата на службата за државна безбедност ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара.збор? )никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи

Кој е за, молам да крене рака. (67 пратеници)

За овој предлог гласаа 67 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Во врска со овој предлог има збор господинот Тито Петковски, потпретседател на собранието.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, во предлогот на Владата на Македонија за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за внатрешни работи, доставен до Собранието на Република Македонија се вели:"Со оглед на тоа што не е во прашавње сложен

ниту обемен закон, Владата кон Предлогот за донесуваше закон поднесува и предлог на закон и предлог да се претресе на истата седница предлогот на закон".

Мислам, а тоа е мислење и на пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз на Македонија дека во случајов станува збор сепак за сложен и обемен закон, а не дека станува збор за едноставно прашање кое може на овој начин по скратена постапка да биде донесен.

Самата расправа на комисиите на Собранието очигледно покажа дека се работи за значајни измени и дополнувања на законот кој ја уредува заштитата на животот и личноста и имотната сигурност на луѓето, на правата и слободите на граѓанинот, за разлика од постојниот заксн кој поинаку ги уредува во некои домени односите во оваа свера, што значи не станува збор за закон кој само формално се усогласува со уставните амандмани по однос на пренесувањето на надлежностите од страна на општинските органи на управата на Републичкото министерство. Напротив, станува збор за сложена материја со која се врши голема концентрација за разлика од постојниот закон на власт во еден центар кој може да одлучува односно кој ке одлучувс за многу човечки судбини. Ова од своја страна напросто налага прецизни одредби во однос на организацијата на Министерството, овластувањата, јавноста во работата на Министерството, контролата над работата и заштитата на правата, слободите и интересите на правнте  субјекти.

Освен тоа, во самиот текст на Предлогот на законот има достанедоречености, неконкретности, недефинираности и нејасноти кои доведуваат до замаглување на суштината на измените на законот

што се нудат. Вакви парцијални измени создаваат и одредени нејасноти кои можат да се толкуваат и како преудицирање на одредени решенија во поглед на поставеноста на Министерството за внатрешни работи во политичкиот систем во целина. Во таа смисла, посебно ги истакнува следните прашања:

Прво, се предвидува овластување на Министерството за внатрешни работи да може да определува надлежност на  друг орган што е предмет на уредување само на Законот за државанта управа. Во делот за новата организација на Министерството и делокругот на работата се конституира директна власт на Министерството.

Второ, можност за образување на подрачни организациони единици несомнено претставува значајна новина во организационатга поставеност на Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, од предложенилте решенија неможе да се согледаат јасно сите неопходни прашања сврзани со положбата, задачите и функциите на овие организациони единици. Овие прашаша во својот карактер се прашања што би требало да се уредуваат токму со овој Закон а не со подзаконски акти. Затоа сметаме дека е потребно подетално да се согледаат состојбите во ова свера и врз основа на тоа да се предвидат соодветни решенија во Предлогот на законот.

Трето, со оглед на карактерот и обемот на предложе измени сметаме дека е неопходно да се пропишат одредби со кој ќе се регулира претходниот режкм во воспоставувањето новата организација на Министерството за внатрешни работи.

Тргнувајќи од изнесените причини предлагаме на седницава на Собраниево денес да не се расправа по Предлогот на закон, бидејќи го утврдивме Предлогот за донесување на закон што не е спор, а земајќи го предвид исходот од расправите во Комисиите на Собранието

како и информацијата во Законот дека непосредно сега во образложение на законот претстои донесување на нов закон во кој прецизно ќе бидат уредени сите овие прашања и имајќи предвид дека не станува збор само за формално усогласување со амандманите, пратеничката група на Социјал демократскиот сојуз предлага поовој предлог на Закон Собранието денес да не расправа, туку на наредната седница, дали на првата или наредната седница, на некоја од наредните седници по него да расправаме.

ЈОРДАН МИЈАЛКОВ:

Почитувани пратеници, добив инспирација од претходниот дискутант. Сакам да ве убедам дека единствената цел и содржина на овој Закон за измена на Законот за внатрешни работи е само усогласување со уставните амандмани, со законот за органите на управата, со цел да се создаде можност, законска основа, да може да се трансформира односно да се пренесе надлежностите од органите на управата од обласа на внатрешни работи во Министерството за внатрешни работи така што да се создаде можност за таа трансформација за која сме задолжени со уставните амандмани односно уставниот закон . Овде не се работи за никакви овластувања, овде се работи исклучиво за пренесување на тие надлежности.

Во однос на другите одредби сметаме дека Собранието може да расправа и да одлучува.

Во врска со амандманите 1, 2 и 3 од Социјалдемократ-скиот сојуз тие немаат основа, бидејки со член 153 од Законот за органите на управата ова прашање е решено, системско, во тој закон овие амандмани можат да бидат корисни за идното донесување на новиот Закон за внатрешни работи кој е одреден да оди во септември или октомври. Значи, новиот закон што ке биде предлог кај вас во септември,

октомври, сакам да ве убедам дека ние ќе создадеме демократска ефикасна полиција, а не полициска држава која ќе се носи со сите проблеми на повеќепартискиот систем на суверена Република Македонија.

Ве молам усвојте го овој текст што сега го предложив инаку, нема врска со некакви надлежности. Ова е на некој начин блок рање на развојот на демократскиот живот.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Дами и господа, и покрај укажувањата на министерот за внатрешни работи сметам дека има потреба и понатаму да расправаме за овој Предлог на закон. Расправаме за многу важни измени на Законо за внатрешни работи, на што е потребно со доста претпазливост да пријдеме на предложените измени, пред се, кога се имаат предвид нараснатите социјалекономски и политички прилики во Републиката.
Во принцип сум против ваквата постапка за измена на Законот за внатрешни работи, без јавна расправа на овие одредби каде на одреден начин надлежните органи би го дале своето мислење, за што би се зголемила нивната одговорност за спроведување на истиот. Иако основната мотивираност за изменување на овој закон е преземањето на надлежностите на општинските собранија во Републиката, во конкретниот случај од Секретаријатот за внатрешни работи во општините во Министерството за внатрешни работи,оваа значајна трансформација иако со уставните амандмани од 1989 година сеуште е замаглена и под знак на прашање кога се знае дека за оваа трансформација е покрената и расправа пред Уставниот суд на СРМ, па и за конкретниот случај и за самиот закон пред Уставниот суд на СФРЈ за одредени одредби.

Што се однесува до членот 16-а сметам дека треба да се каже на одреден начин кои средства и методи користи Службата за државна безбедност и кои се тие начела кои ќе ги утврди претседателот на Републиката.

Со оглед на недефинираноста на политичката иднина на Републиката во рамките на земјата сум и против тоа според член 102 министерот да може повремено да упати овластено службено лице во други органи на управа за внатрешни работи на територијата на друга република или покраина.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ: .

Мислам дека постапката околу утврдувањето на дневниот ред ја завршивме и дневниот ред го усвоивме. Таа процедура е завршена и сега одеднаш доаѓа предлог за симнување од дневен ред на една точка.

СТОЈАН АНДОВ:

Не ја симнуваме, нема такви предлози за симнување. Молам, дали уште некој бара збор?

МИХАИЛ ПАНОВСКИ:

Сакам да се обратам до сите пратеници, независно од партиската припадност, да размислат дали ќе гласаат за овој закон или не од причина што ако сакаме да му влееме барем малку надеж на македонецот во Западна Македонија мислам дека треба да се изгласа овој Закон. Со неизгласувањето на овој Закон само ги подгреваме сепаратистичко-шовинистичките претензии особено во Дебар, Гостивар и останатите места каде што многу добро знаеме на изборите кој доби.

ЏЕЛИЛ ТАИРИ:

Јас мислам дека што пред малку зборував не мислев на закон на Западна Македонија, мислев да донесеме закон кој ќе биде прифатлив за цела Република и еднаш рековме Републикава да не ја делиме по територија, туку да донесеме онаков закон како што ќе одговара за сите. Затоа, мислам дека ова што го рече господин Панов воопшто не држи и тоа мислење исклучиво за себе да го држи.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Лично сметам, а исто така тоа го заклучивме и на Законодавната комисија дека овој Закон кој што е предложен денес и Предлогот на закон треба да го усвоиме заради тоа што тој е истиот и како што досега донесовме без број закони кои ги усогласуваме со уставните амандмани. Негледам дека во него има некои суштински измени за кои би требало законот да го донесуваме во две фази. Се изјасни добро и министерот за внатрешни работи дека нов закон е во тек и тогаш ке имаме услови и можности да донесеме таков закон каков што ке ни треба. Инаку не треба да претставува ниту опасност, доколку не го донесеме денес, дека ке има некои проблеми во Западна Македонија или ако го донесеме дека ке има некаква обратна суштина. Според тоа, предлагам Законот да биде усвоен.

НЕИМ СЕЛМАНИ:

Јас ке бидам краток. Она што го кажа потпретседателот на Парламентот Тито Петковски се плашам да не го расипам доколку зборувам повеќе. Тој даде детално образложение поради кои причини не треба овој закон. Јас го сватив повеќе како нацрт а не како предлог на Закон.

Инаку, ако малку го прочитаме Законот,член 2, 11, 13, 19 по ред, ќе видиме дека овој Закон што е на сила е далеку подобар и попрогресивен од колку овој закон што треба да го усвоиме сега.

Инаку, она што го рече другарот Пановски дека има проблеми во Западна Македонија, таа не се однесува ни со закон ни со прописи. Кога ќе сакам нешто да направам, и ти да дојдеш таму со се законот, не ќе можеш да се спасиш.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, без лични обраќања. Овде имаме тема и по точката да дискутираме.

Дали уште некој друг бара збор?

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Од каде идејата сега да се симне ова од дневен ред, да не се расправа н ми е јасно. Ние во Законодавно-правната комисија која е составена од сите партии, немаме ваков став и најдовме дека има место. Остана спорно дали ке се применува членот 16-а или не. Меѓутоа, предлагачот, Владата, кој беше овој член да се внесе во новиот закон, Владата го повлече односно предлагачот. Според тоа, господинот од ПДП што дискутираше дали ке треба да се расправа по оваа одредба или не, нема што да се расправа.

Меѓутоа, основно начело е дали сега ќе оставиме, кога на сите други места дадовме надлежности да се пренесат на овластени републички органи овде да остане само за овој закон да не се пренесат надлежностите. Единствено што стана спорно во Законодавно-правната комисија беше околу членот 2 да може органот заправо Министерството работите од матичните книги да ги пренесе на одреден орган на општината. Стана збор кој ке го врши финансирањето на тоа. Јас не очекував друга полемика околу тоа. Зошто и како да не се расправа, јас ке го молам господинот Тито Петковски ако сака, ако мислеше за некои одредби да каже кои се, да ни ги каже кои се тие па да расправаме.по тие одредби а не затоа што имаат забелешка па да не се расправа по целиот проект.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Двајца членови на Законодавно-правната комисија излегоа, го пренесоа своето мислење. Пред час ипол овде претседателот на Законодавно-правната комисија по сугестија на претседателот на Собранието ги истакна задачите на Законодавно-правната комисија. Законодавно-правната комисија испитува дали одреден предлог-закон е во согласност со Уставот, дали доведува до надградба на правниот систем и од аспект на правна техника. Мислам дека и овој Парламент едни се викаат едни овластувања, па пред саат ипол да се повикаме дека не е надлежност на Законодавно-правната комисија да се упушта и да предлага дали под итна постапка, дали по скратена постапка или во нормална. А сега се повикуваме на тоа.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор госпоѓица Јумеровска.

ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:

Почитувани пратеници, самото тоа што за овој закон се јавија поголем број пратеници зборува во прилог на тоа дека не се работи само за измена во смисла на промена на Законот со новите уставни амандмани, туку се работи за вметнување на други определени нови членови кои што битно го подобруваат текстот. Меѓутоа, проследувајќи ги извештаите од сите работни тела што го гледаа овој закон, бидејќи сепак се работи за измена на еден системски закон на една цела служба, сметам дека Законот не треба да оди по скратена постапка, да се сочува процедурата за да можат сите измени што се внесени во него да го најдат своето место се со цел битно да се

подобри текстот и оваа служба да може навремено и нормално да ја врши својата работа. Значи дека гласам Законот да се донесе но не во скратена постапка, туку во редовна процедура. Да се разгледаат сите амандмани што беа, веројатно *ќе* има и новидо следната постапка.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Мене не ми е јасна една работа. Ако се прифаќа стариот закон членот 82, каде што се вели за органите односно Министерството за внатрешни работи и дословно пишува вака:

(Го цитира членот 82 од стариот Закон за внатрешни работи).

Мене не ми е јасно само ова: "да не е осудувано, да не е осудуван кривично за дело против основите на социјалистичкото само-куправување". Молам, тоа да ми се објасни.

ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани пратеници.Постои обврска можеби Владата уште еднаш да го објасни начинот на кој овој Закон всушност измените и дополнувањето на законот одеа пред Владата. Тоа е еден од првите законски текстови кој беше повлечен од новата Влада, за кој беа побарани експертски мислења и добиени такви експертски мислења од двајца-тројца професори кои се занимаваат потесно со оваа работа. Исправките на тие законски текстови одеа брзо од страна на службата. Двапати одеа пред Комисијата за политички систем на Владата и мислам дека независно од тоа што се допира една суштинска, важна област од правата и слободите на човекот, а истовремено од регулација на оваа служба не треба да се ,прави голема драма околу неговото усвојување. Напротив, во овие два-три филтри што ги поминаа овие измени во Владата беа исправени неколку нијансни но битни негови одредби. Ваков каков што е тој може да помине, а ваше е да одлучите.

СТОЈАН АНДОВ:

Да ја разјасниме ситуацијата. Никој овде не предложи овој закон да се симне од дневен ред или да се одложи неговото разгледување. Јас колку што сватив предлогот на господин Тито Петковски вусшност е на основа расправата што би се водела сега да не утврдуваме дека е Предлог на закон, туку да заклучиме дека водиме претрес по Нацрт, а да ја задолжиме Владата, врз основа на резултатите од претресот да подготви предлог за наредната седница. Неговиот предлог јас така го сватив, а не да се симне од дневен ред.

Има збор господин Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Почитувани пратеници, јас го почитувам напорот, креативниот напор што го има направено Владата преку експертски групи и тн.меѓутоа станува збор за еден принцип. По правило не смееме за системски закони кои навлегуваат во многу суптилни прашања на животот да ги донесуваме по скратена постапка. Тоа е нашата заложба. Значи, за вакви закони кои што бараат, а ние донесовме на ова Собрание сигурно 20-тина закони по скратена постапка кои што одат само на формално усогласување на тие закони со уставните амандмани по однос на надлежноста и терминолошко усогласување, но не и кои задираат во суштината на проблематиката што ја уредуваат. Во принцип не сме за тоа такви закони да се носат во скратена постапка. Ништо не губиме како Собрание ако на денешнава седница расправаме, утврдиме Нацрт и ја задолжиме Владата за една од наредните седници, или наредната седница да го предложи Предлогот на закон врз основа на оваа расправа што ќе ја водиме овде. Значи, заложбата е денес да не го носиме законот, туку да утврдиме Нацрт на закон, а да ја задолжиме Владата за наредната седница да подготви врз основа на расправата што

ќе ја водиме и ако треба некои дополнителни амандмани, консултации да утврди Предлог на закон и да го предложи на Собранието на усвојување. Според тоа, не е заложба да не се конкретизира, да не се пренесат надлежностите, како што бараше господинот Стојановски во сферата на внатрешните работи од општинските органи на министерството. Тоа е пренесено, ние за тоа впрочем сега не можеме да разговараме. И со уставните амандмани а и со одлуката на Владата околу преземањето на надлежностите од општинските органи на управата во сите сфери, па и во сферата на внатрешните работи.

Станува збор за еден однос кон една материја која има витални интереси и навлегува длабоко во суштината на правата и слободите на граѓаните, а можеме да разговараме за неа отворено денес.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Ке бидам практичен и ќе кажам дека овој предлог на закон помина во сите комисии и во матичните комисии, па предлагам ако не сте ги погледале извештаит ена матичните комисии да ги погледате, или известителите да се изјаснат на говорницата овде.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Анастасовски, реплика.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Учествувам во таа комисија, но тој член, членот 82 не го најдов никаде. Сега ми падна во очи дека не е бришен ни во новиот Предлог-закон. Си стои по старото. Да не се вметне сега и во тоа, неразгледан. Тука значи ќе треба да не затворат утре половината од нас можеби.

СТОЈАН АНДОВ:

Има збор господин Симјановски.

НАУМ СИЈМАНОВСКИ:

Почитуван претседателе како известител од Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност должен сум да го изнесам извештајот на оваа комисија по Предлогот за донесуванње на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.

Комисијата работеше по Предлогот за донесување на закон, што значи целата постапка што е зацртана за донесување на закон ја разгледувавме.

Предлогот Комисијата во целост го поддржа со одредени сис-темски забелешки, мислам текстуални кои провејуваат во неколку места во самиот текст на Предлогот на законот кои се амандмански даде-ни во извештајот од Комисијата.

ПАНЧО МИНОВ:

Господине претседател, почитувани пратеници. Во својство на известител од денешната заедничка седница на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, како матична комисија во  разгледувањето на овој Предлог-закон и Законодавно-правната комисија, должен сум да ве известам дека на заедничката седница се заклучи на денешната седница да се разгледува и да се предложи на Собранието да се усвои Предлогот на закон што е предмет на разгледување, додека по амандманите на Пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз и амандманот на Мухамед Халили се заседе став истите да бидат упатени до предлагачот во изготвувањето на новиот текст на Законот да се имаат предвид.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, а господинот Петковски сфати дека останува на својот предлог, тогаш неговиот предлог да не водиме претрес по Предлогот на закон, туку претресот што ќе го водиме денеска да биде по Нацрт на закон. Значи, да му дадеме третман на текстот како нацрт-закон, па сите забелешки што ќе бидат да може да послужат на предлагачот на законот да подготви Предлог на закон за една, или првата наредна седница.

Кој е за предлогот на господин Тито Петковски, молам да крене рака? (51 пратеник).

Кој е против предлогот, молам да крене рака? (34 пратеника).

Дали некој се воздржувај од гласање (1 пратеник).

Констатирам дека предлогот што го даде потпретседателот на Собранието е усвоен и понатаму расправата по текстот оди како расправа по Нацрт на закон.

Отворам претрес по Нацртот на законот за внатрешни работи. Молам, кој бара збор?

Учеството на поедини учесници треба да се земе предвид, како што е укажувањето на господин Анастасовски за да не се повторува.

Има збор Мухамед Халили.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Почитувани пратеници, бидејќи сега расправаме по Нацрт на закон, јас имам забелешка на членот 52 од Законот, каде мегу другото пишува: "Кога е тоа неопходно заради обезбедување на највисоки

претставници на домашните и странските претставници, или политички органи, како и највисоките претставници на меѓународни организации и од причини на безбедност на земјата, органите на управата надлежни за внатрешни работи имаат право да задржат лице и подолго од 24 часа, но најдолго 3 дена". Јас предлагам комисиите што ќе работат на овој текст да го бришат овој текст, бидејќи ние сега поминуваме на нова филозофија на живеење, на демократски плурализам, па овој член се однесува на обезбедување на највисоки претставници што беше карактеристично за време на монистичкиот систем. Бидејќи со овој член се преаудицира кривично дело, а не постои инструмент што ќе утврди дека одредена личност има намера да стори некое дело. Сметам дека членот ги ограничува личните слободи на човекот па затоа предлагам да се брише овој член.

Има и една друга контрадикторност во став 2 од истиот член со член 53. Став 2 вели дека до 3. дена може да се задржи лице и во случај ако е тоа потребно заради утврдување на неговиот идентитет. А идентитетот не може на друг начин да се утврди. Контрадикција член 53. Ако задржувањето според членовите 51 и 52 врз основа на овој закон трае подолго од шест часа или ако тоа го бара лицето што е задржано, органот на управата надлежен за внатрешни работи е должен да го извести неговото семејство. Како ќе го извести кога тој уште не е идентификуван. Штом ќе се идентификува, мора да се пушти дома.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор?
Има збор господин Љупчо Поповски.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Почитувано Претседателотво, почитувани пратеници, јас би предложил само две сугестии бидејќи станува збор сега за расправата во Нацрт текст на промените на Законот за внатрешни работи. Првата сугестија се однесува кога станува збор за утврдување на можноста за образување на подрачни организациони единици што во секој случај претставува несомнено една новина во организационата поставеност на Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, од досегашните предложни и сегашни предложени решенија не можат да се согледаат сите неопходни прашања сврзани со положбата, задачите, функционирањето на овие организациони единици. Овие прашања по својот карактер може навидум да изгледаат од техничка природа, меѓутоа, навлегуваат и во други посериозни области мислам од политичкиот систем, па мислам дека би требало да бидат уредени со Законот, а не со подзаконски акт. Тоа е првата сугестија.

Второ, ми се чини заради значењето и важноста на член 23 од постојниот закон неопходно е да се земе во предвид неговото усогласување со Уставниот амандман број 70,точка 4 во кој што одредбите на овој амандман се однесуваат на изричито пропишана постапка дека единствено со закон може да се пропише само врз основа на решение на Судот може да се отстапи од начелото на неповредливост на тајноста на писмата и на другите средства за општење, ако е тоа неопходно за водење на кривична постапка, или за безбедноста на земјата. Во оваа смисла не е предложена измена на член 23 од постојниот закон според кое решение за

примена на средствата и методи на Службата донесува министерот за внатрешни работи. Само тие две сугестии.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Нацртот на законот и предлагам да заклучиме, предлагачот на основа на расправата во работните тела и овде, сугестиите што се дадени овде,сугестиите кои се дадени еднаш веќе во работните тела и во извештаите овде повторени и некои кои беа овде како нови сугестии дадени да подготви предлог, да го достави на Собранието и тогаш да го усвоиме.

Минуваме на точката 4.

Предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на кривичниот закон на Република Македонија,со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон, извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заќлучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот закон на Социјалистичка Република Македонија.

Кој е за, молам да крене рака. (65 гласа).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 гласа).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака (57 гласа).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

- Молам, кој бара збор?(Никој)!

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:

И за овој закон важи истото.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, тоа го пропуштивте. Ние гласавме сега за тоа. Друга постапка е овде.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(68 гласа).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува бд гласање? (1 глас) .

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот закон на Социјалистичка Република Македонија.

Минуваме на точката 5.

Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за црвениот крст на Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот на донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за здравство Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (68 гласа) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон. .

Кој е за, молам да крене рака (68 гласа).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам,кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор,го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Комисијата за здравство и Законодавно-правната комисија поднесоа амандмани на насловот на Законот и на член 1, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (70 гласа).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го поднесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Црвениот крст на Македонија.

Минуваме на точката 6.

Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за земјоделство и шумарство Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за заштита и користење- на земјоделското земјиште.

Кој е за, молам да крене рака? (73 гласа).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој),

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (73 гласа).

Дали има некој против?(Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот  на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 1, 6, 7, 10, 12, 14 и 15 со кои се согласил претставникот на . предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи не бара зборј го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (71 гласа).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој) .

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за заштита и користење на земјоделското земјиште.

Минуваме на точката 7.

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарната служба, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на Законот со Предлогот на законот, извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисијата за земјоделство и шумарство Ви седоставени,односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ветеринарната служба.

Кој е за, молам да крене рака?(72 гласа).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (71).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 3, 4 став 3, 6 став 3, 8, 12 став 2, 13, 17 и за додавање на нов член 18-а со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака(74 гласа) .

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ветеринарната служба.

СТОЈАН АНДОВ: (продолжение)

Минуваме на 8-та точка -Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита на животните, со Предлог на закон.

Предлогот на донесување на законот, со Предлогот на законот, извештаите на Законодавно-правната комисија и Комисиајта за земјоделство и шумарство Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлотот за донесување на закон.

Моалам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара, збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојвуа Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за здравствена заштита на животните.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека  Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, нека крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никај ен баран збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Закондоавно-правната комисија поднесе амандмани на члено вите: 1,7,10 став 1, 13 став 2,47,55 став 1 и 2, член 56 ставовите 1 и 2 и 59 со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претесот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да жрене рака? (69 пратеници).

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита на животните.

Преминуваме на 9-та точка- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнвување на Законот за заштита на растенијата од болести и штетници, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон, извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на Законодавно-правната комисија, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара  збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранито го усвојува Предлогот. за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на растенијата од болести и штетници.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (73 пратеници).

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон
Молам, ќој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на галсање.

Кој е за, молам да крене рака? (76)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на растенијата од болести и штетници.

Преминуваме на 10-та точка - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлгот на закон.

Предлозите за донесување на закон со Предлог на закон поднесени од Владата на РМ и од пратеникот Тодор Петров, извештаите на Комисиајта за финансирање и буџет, Законодавно-правната комисија и на Комисијата за градежништво и урбанизам како и Мислењето на Владата на РМ по предлогот на пратнеикот Тодор Петров ви се доставени, однсоно поделени.

Комисијата за финансирање и буџет непосредно пред седницата на Собранието одржа седница и предлага одредбите на предлогот на пратеникот Тодор Петров да се трансформираат во амандмани по текстот на Предлогот на законот од Владата.

Пратеникот Тодор Петров се согласи со овој предлог.
Според тоа ќе водиме претрес по предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон поднесен од Владата.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на закон
Молам, кој бара збор? (никој)
Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменвуање и дополнување на Законот за комуналните такси.

Кој е за моламд а крене рака?(72 пратеника)

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на овоаа седница да се претресе Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (72)

Дали некој има против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Ве известувам дека Владата поднесе амандман на членот 3 кој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за внесување нов член 4,а со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Ве известувам дека амандмани подсоа пратениците Ламбе Арнаудов на член 3 и Славјанка Стојанова на членовите 1 и 3 со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Александар Гештаковски го повлече амандма што го поднесе на членот 2.

Исто така амандмани поднесоа и пратениците Ламбе Аранудов и Тодор Петров.

Со оглед на тоа што Владата не се согласи со овие амандмани, согласно со Деловникот на Република Македонија, Собранието треба да води претрес по секој амандман одделно.

Отворам претрес по амадманот поднесен на член 2 од пратеникот Ламбе Арнаудов.

Овој амандман Владата не го прифати, а комисијата за финансирање и буџет го прифати.-

Молам кој бара збор?

Има збор пратеникот Александар Гештаковски.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Јас прво да го извинам предлагачот на амандманот Ламбе Арнаудовски кој од здравствени причини мораше да замике, а бидејќи во тој дел амандманите беа идентични во целост јас ја земав таа обврска по негова молба да го застапувам овој амандман и да го бранам пред ова Собрание.

Морам да истакнам дека предлагачот останува на својоТ предлог на амандманот, согласно образложенијата што се дадени на амандманот, од причини што сметаме дека во овој период на трансформација  на целокупната фискална политика, а пред се и на комуналните такси што се гледаат и од програмата за работа на Собранието, не е потребно да се вршат одредени експерименти со формирање на одредени централистички фондови во туристичкиот сојуз на Македонија со целосно преминување на туристичката такса, па отаму со посебни програми што ги предлага Владата кога ке ги носи ова Собрание да се прераспоредуваат во одредени општини.

Во одредени разговори со претставникот на туристичкиот сојуз пред седницата добивме одредени сознанија кои се целите и насоките, но сметам дека овој амандман може да овозможи во таа смисла со новите трансформации да се размислува за формирање на одредени фондови а сега овие средства од причини шгпо се утврдени како извори на општината и едни од посигурните извори за развој на туризмот. Сметам, доколку пратениците го прифатат решението во законот за комуналната такса во овој период ке имаме уназадување на туризмот во Македонија.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Пред се би сакал да се претставам и да кажам дека говорам во име на туристичките работници на Македонија и во име на туристичкото стопа! ство на Македонија. Ова го велам и тврдам врз основа на заедничките расправи што ги имавме во планираљето на туристичката сезона и вкупниот туристички развој на Македонија за наредниот период.

Конкретното решение што се нуди од страна на Владат. на Република Македонија наиде на целосна подршка кај сите угостителски објекти во Македонија а исто така и сите туристички друштва и

организации во Републиката, од следните причини.

Прво и основно е тоа што туристичката такса во Македонија исклучиво е наменета за развојот на информативно туристичка пропаганда на нашето туристичко стопанство.

Општа е оценка, врз база на емпириски согледувања дека последните десетина години ни дваесет отсто од таа туристичка такса не е користена за намената за која што таа се прибира. Напроти тоа исклучиво е приход на буџетите на општините со кои средства се подмируваат се, а најмалку туристичката пропаганда и пропагирањето на туризмот во нашата Република. Последица на тоа што е:

Прво, денес ние во Републиката немаме никаков туристички пропаганден материјал.-Имаме материјал кој што е стар 10 и 15 години, со кој не на светските берзи туку во југословенските берзи неможеме да ги претставиме модерно изградените хотели и туристички услуги кои што може да ги даде нашата Република,

Втора последица од тоа е што секоја година во рамки на туристичкиот сојуз на југославија се врши распределба на 25 милиони марки во кои што сите републики учествуваат во дел од тие средства во распределбата.

За оваа година туристичкиот сојуз на Македонија имА обезбедено околу 4 милиони динари, меѓутоа тие средства неможат да се повлечат од Федерацијата, бидејки принципот е за секој динар што ке се добие од тој фонд,треба да се обезбеди сопствено здружување на свој динар. Тие средства се обезбедени, мегутоа моментално ниту во буџетот на Владата не се обезбедени такви средства за информативно пропагандна дејност на туризмот во републиката ниту пак може да се обезбеди било по кој основ здружување на средства и на тој начин да се добијат овие средства и да се стават во функција.

Што е целта на предлогот и зошто ние го подржавме?

Прво и основно, го подржавме за да обезбедиме овие средства исклучиво да бидат. ва функција за равој на туризмот во Македонија и организирана офанзивна туристичка пропаганда во Републиката, во земјата и во светот.

Второ да се обезбеди комплетен увид и општествена контрола и директен увид каде тие средства идат. Во таа функција и туристичкиот сојуз на Македонија и соодветниот собор на комората предлагаат, врз база на проценката што ке се даде на средствата што ке се приберат тие пред овој Парламент и пред Владата да излезат со конкретна програма,во која функција ке бидат наменети тие средства за развој на туризмот во нашата Република, а пред се за информативно пропагандна дејност, бидејќи состојбите што денес ги имаме во Републиката говорат дека оваа година ке имаме најкритична година во обласга на туризмот бидејки никаква промоција не се направи минатата ниту оваа година на туристичкото стопанство во Републиката, а сите туристички берзи кои беа во Европа и во Југославија поминаа и кога бевме присутни без наше присуство како туризам на Републиката. Од тие причини во името на туристичките работници на Македонија и во името на туристичкото стопанство во Македонија предлагам да се поддржи предлогот на Владата, а земаме обврска на оваа Влада конкретна програма и до последен динар да го днесеме извештај за кои намени односно Парламентот ке усвои, а извештај ке поднесеме за последен динар во која функција тие средства ке бидат намести. Секако тие ке бидат накенети за нашите туристички локалитети во Републиката односно во функција на развој на туризмот во Републиката.

I

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор (никој)

Бидејќи никој друг. не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака (41)

Дали има некој противд(12)

Дали некој се воздржува од гласање (6)

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи во овој момент има 80 пратеници во салата, 41 гласаа за амандманот, констатирам дека Собранието го усвои амандманот поднесен на член 2 поднесен од пратеникот Ламбе Арнаудов.

Отворам претрес по амацдманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Овој амандман Владата не го прифати.

Молам, кој бара збор?

ТОДОР ПЕТРОВ:

Сметам дека амандманот 1 треба да се прифати на членот 7 во смисла што со него се предлага да се ослободат од плаќање комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловните простории.

Ние кога го донесувавме законот за даноците на граганите, кажавме дека се врши ослободување од плаќање данок на основно средство за вршење дејност, меѓутоа, данокот за основно средство за вршење дејност го заменивме со комунална такса. Фактички зафаќањата си останаа зафаќања кои што мора стопанственикот да ги плати. Имајќи во предвид дека државата не учествува со ништо во истакнувањето на фирмите, ниту им обезбедува хигиена на истите, чистење, ниту им ја плаќа струјата нема ни потреба да им врши наплатување на средства за истакнување на овие фирми.

Исто така и за држење музика и предмети за игра во јавните локали кои што стопанствениците ги употребуваат во функција на создавање на добивка која што понатаму е повторно оданочена. Наместо да добиеме информација како ќе се изврши рационализацијата на органите на државата управа, и на административните органи на општините

ние останавме со истиот административен апарат во органите на управата и сега за да ги пополниме општинските буџети за сметка на даноците и придонесите кои прејдоа во ингеренција на Републиката, Републиката им ги отстапува комуналните такси како изворен приход на буџетот на општината, односно на буџетите на општините и нормално апетитите на оние кои што работат во сегашните органи на управата и во органите на општините ќе биде што поголем да овие комунални такси бидат поголеми за да се полнат касите на општинските буџети. Сметам дека утврдувањето на вакви комунални такси воопшто не е стимулативно во функција на вложување на капитал во стопански дејности за вршење на дејност и токму заради тоа сметам дека е сосема оправдано да бидат ослободени сите стопанственици за истакнување на фирма, односно назив на деловните простории и за држење музика и предмети во игра во јавни локали. Постоечкото решение, а и предлогот на Владата ги става во нерамноправен третман стопанствениците од приватните и општествениот сектор и токму заради тоа немаат ни еднакви услови за стопанисување.

Од истите причини е и предложена измената во амандманот 2.

СТОЈАН АНДОВ:

Кажете само за овој амандман за да не настане помешувањесо другиот.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Прашањето се однесува конкретно до претседателот, дали завршивме кога поминавме на амандманите на Тодор Петров, со амандманите на Арнаудов, бидејќи амандманот на Арнаудов е во два дела. Комисијата едниот дел на амандманот го прифати, а другиот не го прифати.

Амандманот на Арнаудов се состои во два дела, првиот дел се однесува на член 16 и се додава трета алинеја која значи воведување на нова фестивалска такса која изнесува 50% од вредноста на утврдената во претходните алинеи. Вториот дел се однесува тоа што сега го гласавме и што го бранеше во името натуристичките работници потпретседателот, тоа е да средствата од туристичката "такса остануваат во општината. Тоа се два вида на такси, едната е туристичка, а едниот дел на амандманот е за воведување на нова фестивалска такса која значи зголемување на 50% на туристичката такса.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам, ние овде не водиме расправа како на работно тело. Ние имаме два амандмана на господин Ламбе Арнаудов. Едниот амандман е на член 3 а тука дава амандман Славјанка Стојанова на член 1 и 3. На член 3 амандманот со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот, според тоа, тој амандман на член 3 што го дал е прифатен.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Комисијата не го прифати, а јас сакам да го образложам зошто и од кои причини. Вие не кажавте дека Комисијата не го прифати тој дел од амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:

Тој амандман го прифати Владата, тогаш вие треба да расправате по предлогот на Владата, а не по амандманот, бидејќи немате веќе амандман.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Предлогот на Владата Комисијата не го прифати. Во извештајот стои.

СТОЈАН АНДОВ:

Мора да имаме грешка. Ве молам еве  како е, овој амандман за фестивалски такси, таксата да се зголеми за 50%.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Туристичката такса, тоа е фактички воведување на;нова такса.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, амандманот се предлага со цел за"привремен престој на лица дневно се плаќа фестивалска такса која ќе изнесува 50% од вредноста. .."

Предлогот на пратеникот Ламбе Арнаудов во делот II од неговиот амандман кој гласи: "Приходите од фестивалските такси се отстапуваат на општината во која се остварени", Комисијата не го прифати бидејќи не го прифати првиот дел од амандманот кој се однесува на тоа фестивалската такса да ја плаќаат домашни и странски лица за привремен престој. Видете, овде во сценариото има една грешка, сце-нариото многу брзо е работено и службата погрешила. Според тоа," ќе одиме само по нашиот извештај.

Се работи за амандманот 2 на господинот Арнаудов кој гласи: "Во членот 3 во ставот 1 се додава нов став кој гласи: "Во член 16-а во тарифата за комунални такси, во тарифниот број 2  се додава нова трета алинеја" која гласи: "фестивалската такса изнесува 50% од вредноста на претходните алинеи".

Да видиме што мисли претставникот на Владата. Во извештајот на Комисијата го немаме ставот на Владата, туку има само заклучок на Комисијата. Мораме да знаеме што мисли Владата, кој е нејзиниот став.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во мислењето на Владата е кажан ставот дека Владата го прифаќа амандманот на господинот Арнаудов во содржина во која беше предложен со извесни дополнувања. Ако се стави на расправа тој амандман, претседателот на Комисијата за финансирање и буџет ќе го дополни и во содржина и во уште еден елемент кој што се однесува на членот 4 нова точка. Според тоа, вие се изјаснување по ставот на Комисијата, а Владата го има прифатено амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:

Меѓутоа во Извештајот на Комисијата не стои дека Владата го прифатила.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Стои во мислењето на Владата до Собранието, стои дека амандманот е прифатен.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

По се изгледа другар претседателе или господине претседателе доволно не го видовте извештајот на Комисијата. Еве вака, на страна 2 пред амандманот 2 стои "првиот дел од амандманот на пратеникот Ламбе Арнаудов Комисијата со мнозинство гласови не го прифати, а Владата на  СРМ го прифати".

XIV/6.-

СТОЈАН АНДОВ:

Не, не. Тоа е во амандманот што е даден во членот 2.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Тоа е за амандманот 1.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас гледам, меѓутоа тоа се однесува на амандманот што е даден на член 2.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Така, во амандманот 2, јас сакам само на пратениците да им стане јасно дека со предлогот на амандманот на пратеникот Ламбе Арнаудов фактички воведуваме нов вид на комунална такса што се нарекува фестивалска такса и што е 50% во висина од туристичката такса. Не знам дали на сите им беше јасно кога гласаа и за што гласаа. Комисијата тоа не гоприфати од одредени причини, сметајќи дека кога веќе имаме туристичка такса не треба уште 50% да ја зголемуваме во вид на фестивалска такса.

СТОЈАН АНДОВ:

Првиот амандман во вашиот извештај стои дека се однесува на членот 2 и во новиот член 14 по,зборот "остварени се" става точка, а зборовите "со исклучок на таксите за привремен престој на лица дневно која се отстапува на Туристичкиот сојуз на Македонија" се брише. За тој амандман вие во образложението велите дека со поднесениот амандман претставникот на Владата не се согласи на првиот дел на амандманот на пратеникот Ламбе Арнаудов, Комисијата со мнозинство гласови не го прифати. Меѓутоа ова што го велите сега е содржано во образложението на првиот амандман, изгледа ви се однесува на вториот амандман.

Инаку, ова што го читате вие фестивалската такса изнесува 50% и воведување на нова такса овде што го укажувате е содржано во вториот амандман.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Сметам дека и вие сте во право и Комисијата е во право, формулациите малку не се во ред, но Владата така ги прифати. Јас морам да кажам дека ова не е нова такса, оваа такса е воведена како фестивалска такса за покривање на трошоците на два многу битни фестивали на една македонска држава, тоа е Охридското лето и Балканскиот фестивал и таа такса беше пропишана врз основа на одлука на општината Охрид и се плаќаше за временски период од 1 парил до 31 октомври што ја плаќаа сите лица за привремен престој и претставуваше доста добар извор на средства за функционирање на овие два фестивали. Сега ја воведуваме оваа такса и во мислењето на Владата се смета, бар по мое мислење дека оваа такса ке се плака онаму каде ќе се организираат фестивали и се отстапуваат на општината. Според мене, врз основа на ваквата формулација која не е во амандманот тешко ќе видиме во Законот како ќе е ако не ја усвоиме во таа функција, ќе може да се рапишува, да се воведува во оние општини каде ќе има фестивали.

Ако одиме по тој ред, јас би предложил на оваа седница да предложиме уште еден амандман во член 1 се додава нов член 1-а, а кој гласи: "Во челнот 4, тоа е основниот закон, се додава нова точка 12 која гласи "Фестивалска такса прво треба да ја воведеме како основа да постои",а јас бидејќи не е Ламбе доколку не го прифатат претставниците на министерството би ја формулирал малку поинаку "за подрачјето на општината Охрид во времето до 1 април до 31 октомври" |

со тоа што ја плакаат лицата за привремен престој за секој изминат ден, а понатака си останува бидејќи се мешани, овие не се формулирани, приходите се отстапуваат во општината во која се остварени. Фактички во овој случај и овој став отпаѓа бидејќи ние го усвоивме ставот претходен, бидејќи приходите за дневен престој од туристичката такса останувaат како приходи на општината. Затоа мислам дека малку е битно иако сме изморени, но сметам дека заслужува доста внимание да не пропуштиме за доста битен фестивал за кој и да даваме доста големи пари не можеме да ја презентираме нашава македонска  држава колку што ја презентираме преку овие два фестивали, а не се значајни само за Охрид, значајни се за Македонија, сите учесници учествуваат во другите градови во цела Македонија и во Скопје, во Преспа па и во сите туристички места. Сметам дека треба малку правно регулирање за да ја завршиме работата.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Не може во еден закон специјално за еден град да воведуваме такви такси бидејќи одредени фестивали се одржуваат и во други подрачја.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ(продолжение)

Фестивалската такса трае во временски период скоро половина година. Ние предлагаме фестивалската такса да се наплатува само во време на деновите на фестивалот. Во таква формулација Владата го прифати амандманат на пратеникот Ламе Арнаудов и го дополна во овој дел во кој што се однесува за време на одржување на фестивалот.

На Комисијата, меѓутоа, се констатира уште една потреба да се дополни членот 3 со точка 12 да се даде основ да се воведува фестивлска такса а ваму да ја утврдиме тарифата. Претседателот на Комисијата мислам дека има и пишан текст на целината на тој амандман, ако има потреба ќе го даде во дополнителна писмена форма.

СТОЈАН АНДОВ:

.

Да, во таков случај ние во извештајот на Комисијата немаме еден уреден текст на амандманите и негов предлог како ние треба да се изјаснуваме. Јас ја молам госпоѓа Стојанова да ни помогне да видиме во што се промените овде во текстот. Јас мислам дека амандманот I, тој е неспорен на член 2 и тој го минавме.

Ве молам Гештаковски што сугериравте да се направи новиот текст, ако го има нека го прочита овде, само зашто во извештајот го немаме ние.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Најпрво да кажам дека амандманот не беше докрај образложен и не беше докрај издржан. Затоа што за да се воведе нов вид комунална такса мора во член 4 од основниот текст на Законот каде што се пропишува на што ке се плака комунална такса, прво е тоа основниот амандман.И еве како би гласел, ако би дошло до да се

усвои амандманот за фестивалска такса . По член 4 се додава новчлен 1-а кој гласи: "Во членот 4 во ставот 1 се додава нова точка 12 која гласи: точката 12 - фестивалска такса" фактички со тоа се уредува воведувањето на комуналната такса наречена фестивалска такса. А, дури потоа, во тарифата во член 16 «.треба да се додаде нова трета алинеја која гласи: "Фестивалска такса изнесува 50% од вредноста утврдена во претходните алинеи".

На пратеникот не беше и затоа и министерот се сложи, да ако Собранието на СРМ се согласи да се воведе нов вид фестивалска такса, дури потоа да се даде амандман на членот 4 со кој во основниот текст на законот ке се воведе. Комисијата не се согласи со тоа. Негативен е ставот на Комисијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас пак ве прашам.Тоа во извештајот го нема. Нема предлог во членот 4 да се додаде основица за нова такса.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Нема затоа што ние не го прифативме да постои фестивалска такса и затоа го нема во извештајот на Комисијата. Ние сметаме дека не треба да постои фестивалска такса. И не треба ние да даваме амандман. Во кој член од Законот треба да се уреди фестивалската такса.

СТОЈАН АНДОВ:

Не, не, јас тоа го разбирам. Дали тој амандман беше предложен.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Дури, потоа на интервенцијата на министерот за финансии беше предложен ако се усвои фестивалска такса од страна на Собранието. Инаку од страна на пратеникот не беше предложен. А Комисијата  не го прифати и нема потреба да го стави во Нзвештајот.

СТОЈАН АНДОВ;

Не, јас тоа го разбирам, меѓутоа ако бил од Владата таму предложен, тоа е нивни дел од текстот и го прифатија. Тогаш е веке нивни дел од текстот и Комисијата требало да заземе став по тој текст, што Владата го предложила. Вие трбало да напишете што Владата предложила и да се каже дека е тоа основен текст. А вие и тоа не сте го кажале.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Од министерот изричито не беше нагласено туку само во мислењето што беше на Владата дека фестивалска такса треба да се воведе во висина од 50%. Тоа е во член 16 од Тарифата. И поради тоа ние сметавме како Комисија бидејќи неприфаќаме еден таков нов вид комунална такса, нема што во извештајот да го ставаме.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам да излеземе побрзо ако Владата го усвоила ова, тогаш требало, а може и сега, да го формулира како сопствен , амандман, да го формулира како амандман овде кој што би станал составен дел на текстот. Комисијата по него да се произнесе, треба да се произнесе, да знаеме тогаш што имаме овде. Дали заклучокот на Комисијата потоа што ќе биде ако е негативен, ќе го дадеме на гласање, дали тоа ќе биде основно решение или решението на Владата. Ако немаме така не можеме ние во овој член 3 со алинеја да решиме дека фестивалската такса ќе изнесува толку. Таму се кажува колку изнесува таксата но установувањето на таа фестивалска такса мора да биде во друг член што вели госпоѓа Стојанова. Само тоа треба да го направи Владата. Затоа ве молам сега господин министре повелете.

XV/4

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Мало техничко непрецизирање еве предизвикува одредени проблеми. На Комисијата мислам сосема јасен беше ставот и на Владата и на предлагачот на амандманот и на Комисијата.

За да излеземе од оваа ситуација, предлагам ако е можно по деловникот, незнам дали тоа така може, текстот на страница 2 од Извештајот на Комисијата, каде што пишува "амандман II да се дополни целата содржина на амандманот кој што со дополнувашата на Комисијата кои беа иницирани од страна на предлагачот, беа прифатени, а од страна на Комисијата не".

Текстот на амандманот во целина гласи:

"Во членот 3 од основниот закон, од Законот за комуналЕ такси, после точката 11 се воведува точка 12 - комунални такси".

Во продолжение, дали сега ,тоа бил ист или друг амандман би требало да стои: "Во членот 16 точка А, од тарифата за комуналните такси во тарифниот број 2, се додава нова алинеја (трета алинеја) која гласи:

Фестивалската такса 50% од вредноста на претходните алинеи, која ќе се плаќа во време на одржување на фестивалот“.

Содржината на целината на овој амандман на пратеникот Ламбе Арнаудов би била оваа. Со неа Владата се согласува, а со неа не се согласува Комисијата. Сега останува да се изјасни Собранието.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, вака, ако е ова што го рече господин Министерот, дефинитивен став на Владата, треба да се отчука, овде има каде одма, да се подели одма. Можностите на Комисијата се вакви, или

да бара да има нова седница за да изгради став по тоа или да приложи амандман бидејќи ова станува составен дел на основниот текст во кој ќе каже точно ознаха на овој текст кој ќе каже дека Комисијата предлага, дава амандман да се брише. Сега нема друго. Ете тоа е, сега нема друг излез.

Предлагам вака.

До амандманите на господин Арнаудов, да запреме, да се уреди текстот од министерот и од Комисијата,а ние да продолжиме. Меѓутоа, сметам дека целата оваа точка е подобра да ја оставиме после да расправаме кога ќе го добиеме амандманот, зашто сега ни се потребни Министерот и претседатлеот на Комисијата а да одиме на точката 11.

Дали може така? (Може).

Точка 11.

- Предлог на одлука за давање согласност на финансискиот план на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно раз виените краишта за 1991 година.

- Финансискоит план, извештаите на Комисијата за економсма политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет  и на Законодавно-правната комисија, мислењето на Владата на СРМ, како и Предлогот на одлуката за давање согланост Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

- Молам, кој бара збор?

- Има збор господин Сандре Давчев.

САНРЕ ДАВЧЕВ:

Господин претседателе, почитувани пратеници јас немам забелешка на финансијскиот план, имам забелешкана реализацијата

на средствата на ФНП.На што имам забелешка? Ланската година точка 2 на страница 1, од претходната година 1990 година се префрлени неискористени средства 88.315.400 динара а тоа би било во германски марки 12.616.486. Тоа беше ланската година. Оваа година  тие средства изнесуваат 6.793.692 германски марки, што значи дека дали средствата од фондот ФНП ја решава неликвидноста на Стопанска банка на сметка на стопанството, а јас мислам поради неодлучување  на инвестиционите програми, поради неликвидност на банката, Стопанството со 7 милиони марки остана лани пократко. Тоа значи ако и оваа година тоа се деси, значи стопанството, секоја година од средствата што му се доделени ги губи. Затоа сметам дека оваа год тоа не треба да се повтори. Средствата кои се доделни треба Стопанска банка да биде ажурна, да ги разгледува а не да се продолжува од 5 до 12 месеци, туку тоа да се реализира и стопанстовот да може да ги реализира. Јас тврдам дека лани досега стопанството изгуби средства од 7 милиони марки, а сега бидејќи има право плус 30% , тоа ке му дојде 7 милиона и плус марки.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Душан Трпчевски.

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господа

Законот за продолжување на делови на оппштствениот план на СРМ и за 1991 година ке се продолжи и понатаму преку вложувања на средства во недоволно развиените краишта преку финансискиот план на Републичкиот фонд.

Значајно е да се одбележи дека е остварен пораст скоро кај сите стопански недоволно развиени општини. Натпросечен ниво на општествениот производ по жител во Републикава е остварен во општините Кратово, Радовиш и Ресен. Меѓутоа општината Тетово е на 10 место со 65,1, а по неа следат со уште понизок општествен производ Кичево, Македонски Брод, Дебар и Гостивар.

Како резултат на општите напори  кои се прават во Републиката, создадени се можности за понатамошен постабилен развој и излегуваше на дел од општините на кругот на стопанско недоволно  развиените .

Нивото на вработеноста во стопански недоволно развиените краишта е нешто под две третини од проектот во Републиката, а особено проблемите се најизразени во општините Гостивар, Македонски Брод, Кичево, Тетово, Дебар и Демир Хисар. Меѓутоа ако се има во вид и ниското ниво на вработеност во Републиката како целина може да се констатира дека проблемите во овие краишта се исклучително изострени во услови на стечајна постапка на неликвидните претпријатија во последната година.

Ако се има во предвид ека близу една третина од население во Републиката живее во овие недоволно развиени краишта и на површина од 37% од вкупната територија на Републиката и понатаму се наметнува потреба од дополнителни напори во развојот на Републиката.

Еден од најбитните предуслови за остварување на развојот е зголемување на стопанската активност преку поддршка на нови развојни програми, како и проширување, реконструкција и модернизација на постојните капацитети.

Помагање во создавање на инфраструктурни услови за живот и работа на работните луѓе во селските населби во недоволно развиените краишта е и изградба на училишен простор за основното образование, модернизација и реконструкција на локалните патишта, реконструкција на ектричната мрежа, изградба на водоводи и за поврзување на ПТТ врски во Републиката.

Бидејќи сум пратеник од општината Тетово која се вбројува како што напоменав во недоволно развиените краишта во Републиката должен сум да изнесам кои се и потешкотиите за побрзиот развој на овој крај. Општината Тетово има скоро 200.000 жители и е втора по големина во Републиката, со мешан карактер на дејност и со земјоделско и индустриски карактер на стопанство, трговија, недоволно развиен туризам /посебно зимскиот кој има услови и повеќе да се развие/, присутно занаетчиство, печалбарство во Републиката, во Земјата и надвор од неа. Потоа мешан карактер на луѓето по национален состав, општина со голем наталитет кое нешто создава псебни тешкотии уште во предучилишниот период на опфатеност на децата, во основното образование потоа во средното и високото образование; проблем во вработување било во кој сектор.

Од средствата што се добиваат од Фондот за недоволно развиените краишта во последните години без обврска за враќаше на истите, општината Тетово спаѓа меѓу општини со најмалку добиени парични средства во било која година почнувајќи од 1986 па се до 1990 година.

Затоа сметам дека во наредниот период во 1991 година и понатаму треба да се доделуваат средства од Фондот за побрз развој на недоволно раз виените краишта во поголем обем.

За оваа година потребни се за реконструкција на електричната мрежа во општина Тетово околу 4.400.000,00 динари.

Со, програмата за изградба и реконструкција на селските дововоди во општина Тетово потребни се 9.000.000,00 динари.

Во програмата за одржување, реконструкција,модернизација, изградба и поправка на локалната патна мрежа на подрачјето на општина Тетово, потребни се 5.000.000,00 динари.

Позначаен носител на одобрен програм во нашата општина во минатата година е работната организација ОП"Автопрогрес" Тетово. Во 1990 година има инвестирано во изготвена програма за производствена хала за пластифициран метален мебел, која од АД Стопанска банка Скопје е оценето како економсмко оправдано и прифатено
и по тој основ се одобрени кредити покрај сопствено учество. Овие кредити ќе пристигнат,за плаќање во тек на 1991 година, а заради настанатата инфлација доаѓа до пречекбрување на постојните средства и со тоа се потребни нови средства, за што деновиве е поднесена програма з дополнителни средства во висина од 30.000.000,00 дин.а самата работна организација не е во можност да ги отплаќа и ќе се јави недостиг на обртни средства.

Во тек е и проширување на дел од погонот за изгработка на автоделови и се отвара можност за вработување на нови 50 лица.За оваа цел ее потребни нови средства што сама во целина оваа  работна организација неможе да ги обезбеди и ќе треба заедницата односно преку Фондот за недоволно развиените краишта да инвестира.

Целта на политиката за побрз развој на стопански недовол развиените краишта е да се оствари постепено приближжување,односн изедначување на условите за живот работа на целото подрачје на Републиката.

Во заклучок би рекол дека му даваат согланост на финансискиот план но Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на не доволно развиените краишта за 1991 година.

СТОЈАН АНДОВ:

Уште некој бара збор? Има збор господин Минов.

МИНОВ:

Само една мала интервенција на страна 2 точка 4 што се однесува за учество во изградба на водоводи во селски населби стои " во стопански недоволно развиените општини" а сметам дека фондот се однесува за стопанско недоволно развиени краишта а не општини.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој друг бара збор?

Има збор директорот на Фондот.

ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ:

Господа пратнеици, изразувам благодарност за поддршката и престојната активност која што треба со оснвните средства и во оваа година да се продолжат да се разрешуваат развојните и инфраструктурните проблеми. Го ценам предлогот на пратнеикот од Кавадарцин Панче Насев за проширување на намените на статусот на неразвиенит општини со субституција на името неразвиени краишта, а засега не може да се поистовети заради тоа што се тоа две разграничени политики. Во фондот учествуваат две политики. Политиката за неразвиентие подрачја и политиката за ридско-планински погрнаични подрачја во републиката.

Интересот на општина Кавадарци ќе биде застапен во еден сосема друг материјал и со друго потекло на средства така да не би можело да ес сега предмет на раз гледување, но прашањето, се разбира во одредена соработка ќе го надминуваме.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (Не)

Можам ли да разберам  дека господин Минов го повлекува предлогот (одговара го повлекува) .

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака - 65 гласа)

- Дали има некој против?(2 гласа)

- Дали некој се воадржува од гласање (1 глас)

За предлогот на Одлуката гласале 65 пратнеици, против 2, и 1 воздржан.

*СТОЈАН* АНДОВ:

Значи 65 пратеника гласаа за.

Дали некој"е против? (2 пратеника)

Дали некој се воздржа од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на финансискиот план на републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта за 1991 година.

Минуваме на точката 14- Предлог за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именуваннјата на Собранието ва Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака.

Дали има некој против?

За предлогот на одлуката гласале 65 пратеници, против гласале 3, а од гласање се воздржал 1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за овластување на Комисијата за прашања на изборите и именувашата на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на точката 15 - Предлог на одлуката за давање согласност на Статутот на Институтот за белодробни заболувања

и туберкулоза на Република Македонија - Скопје.
Извештаите на Комисијата за здравство и на ЗПК и предлогот на одлуката за давање согласност, Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката молам да крене рака.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

За предлогот на одлуката гласале 68 пратеници, против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за давање согласност на Статутот на Институтот за- белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македовсија - Скопје.
Минуваме на точката 16 - Извештај за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија за 1990 година.
Извештајот, Мислењето на Владата на Република Македонија, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет на Комисијата за труд и социјална политика, како и предлогот на заклучокот ви се доставени односно поделени.
Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот аа заклучокот го ставам на гласање.
Имам Овде едно укажување дека министерот за финансии укажува дека содржината на точката 4 од заклучокот е содржана

во текстот на точката 5 од заклучокот. Тука немаме ни претседател на Комисијата за да се изјасни по тоа. Кога ќе дојде министерот и претседателот на Комисијата за финансирање и буџет и ова да го оставиме за тогаш да се објасни.

Минуваме на наредната точка

Нацрт на закон за тарифата на сојузните административни такси.

Нацртот на законот, извештаите на ЗПК и Комисиајта за финансирање и буџет, мислењето на Владата на Социјалистичка Република Македонија и Предлогот на заклучокот ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го  заклучувам претресот

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

Дали некој има против?

68 пратеници гласаа за предлогот на заклучокот, прот: гласаа 5, а од гласањето се воздржаа 2 пратеника.

Констатирам дека заклучокот по нацртот на законот за тарифата на сојузните административни такси е усвоен.

Минуваме на следната точка.

Нацрт на закон за задолжување на Федерацијата кај меѓународната банка за обнова и развој на структурно приспособување на финансискиот сектор (АС.бр.1393/1).

Нацртот на законот, извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК и предлогот на заклучокот ви се подлени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучокот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(Делегатите креваат рака)

За предлогот на заклучокот гласаше 61 пратеник, против гласаое 1 пратеник, а од гласање се воздржа 1 пратеник.

Констатирам дека заклучокот по нацртот на законот за задолжување на Федерацијата кај меѓународната банка за обнова и развој на структурно приспособување на финансискиот сектор е усвоен.

Да се вратиме на точката која беше во врска со игрите на среќа. Министерот за финансии се врати од Комисијата и ќе земе збор.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Се враќаме на заклучокот по извештајот за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија во 1990 година. Предлагаме точката 4 да се брише, затоа што таму е дадена една формулација која гласи "при изготвувањето на новите закони од областа на даночниот систем да предвиди воведување на данок на приход од игри на среќа и автомати како посебен данок". Таков данок постои. Тој се наплатува на оние кои имаат добиени легални одобренија за работа. За оние кои такви одобренија немаат, предвидени се мерки кои финансискиот инспекторат ги презема А уредувањето на тие прашаша во конотација на нов закон, на нови решенија е предвидено во точакта 5. Поради тоа, предлагам точката 4 да се брише, а точката 5, 6 и 7 да станат точка 4, 5 и 6.

СТОЈАН АНДОВ:

Според тоа, предлогот на господинот министер точката 4 од заклучокот да отпадне| затоа што сметаат дека точката 5 од заклучокот е доволен. Аргументот што го изнесе е дека тоа што е забрането не може да биде оданочено. Ако го оданочиме забранетото, тогаш го признаваме.

Молам, дали овој предлог го прифаќаме?

Кој е за предлогот, нека крене рака.

За предлогот на заклучокот гласале 65 пратеници, против гласаше 1 пратеник, а од гласањето исто така се воздржа само 1 пратеник.

Според тоа, Собранието одлучи заклучокот по точка 4 да отпадне.

Го ставам на гласање целиот текст на заклучокот без точакта 4.

Кој е за, молам да крене рака.

За заклучокот гласале 71 пратеници, против нема, а воздржан има само 1.

Констатирам дека продлсгот на заклучокот по извештајот за остварување на средствата од игрите на среќа што ги приредува Лотарија на Македонија за 1990 година е усвоен.

Се враќаме на точката 10, кај амандманите на господинот Ламбе Арнаудов.

Сега се тоа амандмани веќе на основен текст на Владата и да видиме дали дала Комисијата односно дали ги прифаќа. Сега ќе земе збор претседателот на Комисијата.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Додека да се поделат материјалите да ги следиме. Со овој текст што ќе го изнесам  сега се заменува текстот во извештајот на Комисијата за финансирање и буџет на страница 2 од зборовите "амандман 2, заклучно со третирт став на страна 3“. Амандман *2,* после член 1 со додава нов член 1-а кој гласи: "во членот 3, после точката 11 се додава нова точка 12 која гласи: "фестивалска такса". Амандман 3, во членот 3 после ставот 1 се додава нов став кој гласи: "во члонот 16-а во тарифата за комунални такси во тарифниот број 2 се додава нова трета алинеја која гласи: "за фестивалска такса во износ од 50% од припишаната во претходните алинеи која се плаќа во време на одржување на фестивалот. Приходите  од фестивалската такса се отстапуваат во општината во која се остварени.

Образложение: амандманот се предлага со цел за привремениот престој на лицата дневно да се плаќа фестивалска такса која ќе изнесува 50% од вредноста која ја плаќаат домашните истранските лица во местата каде што се одржуваат фестивали за времето за кое тие се орржуваат.

Комисијата не ги прифаќа амандманите 2 и 3.

Ќе дојде уште еден текст кој го формулираа и ќе биде изнесен тука во врска со тоа дека Комисијата не ги прифаќа овие 2 амандмани.

СТОЈАН АНДОВ:

За збор се јави Славјанка Стојанова.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:

Комисијата поднесува 2 амандмани на предлогот на закон за измена и дополнувавње на законот за комунални такси, бидејќи предлозите што сега ги прочита министерот се сотавен дел на законот.

Амандманите на Комисијата гласат:

"амандман 1, членот 1-а, се брише.

Амандман 2, во членот 3, ставот 2 се брише. Понатаму одредено образложение со тоа што бришењето на членот 1-а и на ставот 2 на членот 3 се предлага поради тоа што во законот за комунална такса веќе има пропишано туристичка такса и Комисијата смета дека со воведувавњето на фестивалската такса има накнадно оптоварување и не се слага со едно такво оптоварување.

СТОЈАН АНДОВ:

Текстот што го прочита претходно министерот Тошевски е составен дел на основниот предлог на Владата, а амандманите што ги дава сега Комисијата се вистински амандмани овде и прво по нив обавуваме претрес и ке ги дадеме на изјаснување.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Ако никој друг не бара збор, отворам претрес по амандманот во кој се предлага челнот 1-а да се брише.

Молам, кој е за предлогот на Комисијата,да крене рака . (40 пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (12 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (3 пратеници се воздружваат од гласање)

Констатирам дека амандманот на Комсиијата е прифатен бидејќи доби 40 гласа, а во салата се присутни 77 пратеници.

Отворам претрес по амандманот 2 на Комисијата.

ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА

Јас мислам дека нема основ да се гласа бидејќи не се смета на фестивалски такси и нема потреба од гласаше.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, овој амандман не е потребен.

Нема фестивалска такса, но ке биде закан ако остане ка; основно решение, тогаш ке ги внесува истите забуни за кои овде ѓ зборувавме пред тоа. Затоа ке треба и како основно решение, како што го предложи Владата сега, да се брише, токму заради тоа што првиот амдандмансе усвои, сега треба овој да се усвои. Бидејки пр амандман се усвои би требало и Владата да го усвои, па да не одиме на гласање.

МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:

Го повлекуваме амандманот.

СТОЈАН АНДОВ:

Владата го ловлекува основното решение, па не е потребен амандманот на Комисијата.

Дали се согласувате така да биде? ("се согласуваат)

Со тоа е решено прашањето.

Отворам претрес по амандманот на членот 1 поднесен од пратеникот Тодор Петор.

Овој амандман Владата не го прифати. Молам, кој бара збор?

ПАНЧО МИНОВ:

Само накратко сакам да кажам зотшо сум против овој амандман.

Прво, целта за изкена на законот за комунални такси во делот на членот 7, ако се прочита постојниот член ке се види дека се однесува за ослободување од плакање комунални такси и тоа  за одредени исполнети услови и за одредени структури. Фактички,  со амандманот на пратеникот Петров се врши ослободување од плакање на една од главните и основни комунални пракси, тоа е комунална такса за истакната фирма или назив што инаку според искуствата од општините е еден од главните извори за финансирање на заедничките потреби сега веке во општините.

Исто така, да се потсетиме дека пред неколку седници го донесовме законот за финансирање на општо општествените и заед ничките потреби во кои комуналните такси ги дефиниравме како извори на приходи во општините. Со тие 4 извори на приходи фактички многу  ги намаливме изворите на приходи и она што е образложение на пратеникот Петров по основ на оваа комунална такса за тоа предлага да

се ослободи од палакањето на такси за истакнати фирми бидејќи ке се натрупувале многу средства по општините,со ограничување на изворите на приходи, на овие 4 извори на приходи , фактички многу се намалени средствата кои се извор на приходи на општините и постигната е целта за спроведување на рационализациите по општините. Според мене, ако се помине генерално на укинување на сите извори, како што е овој еден од позначајните, тогаш ке се доведе во прашаи од самите нас донесените амандмани 69 кои утврдува одредени функции на самата општина.

Инаку, безпредметни се и укажувањата дека со оваа такса на некој начин се врши заменување на данокот од дејност со комунална  такса, фактички тие работи се сосема различни и не треба да се поврзуваат.

Само да кажам дека оваа такса досега е користена за финансирање на оние комунални дејности кои не создаваат доход, а се неопходна потреба за еден комунален живот во општините.

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:

Накратко сакам да кажам дека и јас не го подржувам амандманот на пратеникот Петров што се однесува до таксата за музика. За држење на музика и такса што треба да се плати само да потсетам дека локалите што држат музика имаат можност да организраат разни прослави, годишници и слично, некои од тоа живеат и профитираат, на организаторите им наплатуваат посебно музика и ценат на музиката укалкулирана во цената на производите што се служат. Затоа, мислам дека со предлогот на Владата подобро се регулира оваа материја и ненавлегува во другите точки од ченот 7.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Само една кратка реплика. Оној кој држи музика и ангажира за свадби не прави секој ден свадби во годината па да ја плати фиксно комуналната такса- држење музика. Еднаш, сабота и недела, а не секој ден за да мора да го плати како фиксен трошок. Затоа, сметам дека тоа му е основен извор за дејност, а државата си собира данок од личен доход од вршење на дејност. Според тоа, нема потреба од комунална такса за тоа што ке го оствари тој доход, да му се наметне како зафакање.

За истакнување на фирма сметам дека треба да си остане како што е предложено односно да не им се наплатува на сите стопанственици за истакнување на фирма. Нема никаков основ што државата ке го оправда, контрауслугата, противуслугата, за наплата на комунална такса за истакнување на фирма. Општината да му ја чисти, гланца да му плака струја за таа фирма вред. Но за друго да се наплатува комунална такса за тоа што ке истакне фирма  тоа е вред. Бидејки сега имаме регистрација на огоромен број приватни претпријатија, тоа е најлесен извор за да ги прокриеме трошоците во општините.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:

Не го спомнавте мислењето на Комисијата за финансирање.

СТОЈАН АНДОВ:

Вашите извештаи многу доцна дојдоа и тоа го немаме. Заота, вашиот известител нека го изнесе ставот на Комисијата.

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:

На страница 2, во врска со поднесените амандмани на пратеникот Тодор Петров Комисијата со мнозинство гласови не прифати ниеден амандман.

СТОЈАН АНДОВ:

Значи, и овој амандман не го прифати.

Со ова претресот навистина е завршен .
Го заклучувам претресот и амандманот го ставам на глас;
Кој е за амандманот на пратеникот Тодор Петорв, молам да крене рака (19 пратеници креваат рака)
Дали има некој против? (35 пратеници се против)
Дали некој се воздржува од гласање?15 пратеници се авоздржуваат од гласање)
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 1 поднесен од пратеникот Тодор Петоров.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Бидејќи се поврзани амандманите 2 и 3 со амандманот на член 1 ги повлекувам.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Тодор Петров ги повлекува следните 2 амандмани.
Продолжуваме со претресот по текстот на предлогот на Законот.
Молам, кој бара збор, (никој)
Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака. (60 пратеници креваат рака)
Дали има некој против? (5 пратеници се против)
Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)
Констатирам дека Собранието го донесе законот за измен вање и дополнување на Законот за комунални такси.
Преминуваме на пратенички прашања.
Владата на Република Македонија достави одговори на прашањата на пратениците Авди Муртезани, Љупчо Јакимовски, Михаил Пановски, Ламбе Арнаудов, Александар Флоровски, Славе Наумовски, и Неим Селмани поставени на 7-та, 11-та и 15-та седница на Собранието одражни на 25 и 28 февруари и 1 март, 16-ти и 18-ти април

и 23-ти мај 1991 година.

Одговорите на прашањата ви се доставени.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Јас сум релативно од одговорот на моето поставено прашање. Бидејки сметам дека има и други работи кои не се зафатени во одговорот на прашањето, но во согласност со вториот став на членот 43 од Деловникот на Собранието барам на наредната седница ѓ на Собранието да се стави точка на дневен ред Расправа за уставнста и законитоста на одлуката со која НИП "Нова Македонија" премина во претпријатие во општествена сопственост.

Барам да се поведе таква расправа бидејки од одговорот што ми го достави Владата се гледа дека сето ,тоа не е во духот и словото на Законот, законот за претпријатие иЗаконот за јавно информирање.

Потоа врз основа на расправата Собранието да донесе одлука со која Собранието станува основач на НИП "Нова Македонија и ги врши сите права и обврски на основач според законите.

Предлагам ова Собрание да ја задолжи Републичката Влада да подготви материјал, информација за состојбите околу овие прашањ во оваа новинско-издавачка кука. Во таа информација мегу другото треба да се наведат и законите односно актите со кои Собранието два пати има доделено пари за изградба на деловната зграда на НИП "Нова Македонија" како и најновата одлука од пред две години со која и се доделени средства за обнова, реконструкција и модернизација на Печатницата на "Нова Макеоднија". Исто така, информацијата

треба да ги содржи и процентите односно паричните износи што секоја година се издвојуваат од Републичкиот буџет на име дотација на новинските изданија на "Нова-Македонија", тоа барам за последните 5 години и исто така би сакал доколку е можно да добиеме и податоци односно износите на последните плати на членовите на директорскиот и уредничкиот колегиум на НИП "Нова Македонија" бидејки оваа кука како што знаеме сите е дотирана, а злите јазици тврдат за едни фантастично високи износи на нивните плати.

Исто така , да се добие ако е можно и износот на плата на членовите на раководството на таканаречениот независен синдикат на новинарите.

Го користам деловничкото право, реков вториот став на членот 43 и инсистирам на наредната седница да се стави оваа точка на дневен ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Во врска со предлогот треба да се изјасни Владата. Овде се бара расправа. Вие имате по заклучок на Собранието и инаква обврска нешто околу средствата за јавно информирање да подготвите Досега има две иницијативи. Дали тоа може да се опфати во рамките на тој материјал?

ЈАНКО НИКОЛОВСКИ:

Министерството за информации нема против. Се разбира има можности да подготви и таква информација, меѓутоа, премалку се 7 дена за такви комплексни прашања. Молам да одобрите еден поголем, поразумен рок, ако можам така да се изразам.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Бидејќи овде падна предлог, одговорот на прашањето да послужи како материјал за расправа, мислам дека тоа може да послужи само како основа за кзготвување иа една пообемна информација, бидејќи во тој одговор не се содржани сите пропусти, аномали што се направи од страна на раководството на НИП "Нова Македонија". Конкретно, наводно на некои други пунктови кои што треба да се зафатат со материјалот. Согласен сум да дозволиме и подолг рок, меѓутоа да го прецизираме. Нека каже Владата колку време.

(Еден месец)

Еден месец можеби во ред е, но исто така да се провери и постапката на спроведувањето на Референдумот со кои "Нова Македонија" од јавно претпријатие премина во општествено претпријатие бидејќи и во самиот чин на Референдумот се направени многу пропусти. Јас ќе потсетам на Референдумот, на чинот на гласањето не му претходела задолжителната 15-дневна јавна расправа.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кога ќе ги доставуваме барањата треба да кажеме што бараме а да не разјаснуваме, затоа што е тоа навлегување во расправа.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Јас колку што го разбрав пратеникот не е задоволен од одговорот и молам да се постапи согласно Деловникот, да се отвори претрес. Барам да се постапи согласно Деловникот, без расправа треба да одлучиме дали ќе водиме или нема да водиме претрес.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој бара претрес не за сега туку да се подготви материјал за претрес на идната седница.

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:

Главата пратенички прашања е многу добро регулирана и зане како се поставуваат пратенички прашања, како се однесува, дали е задоволен, не е задоволен и до колку не е задоволен. Ако се бара информација, тоа е по некоја друга работа, согласно програмата и согласно барање информации од Владата. Мислам дека по пратеничко прашање се работи согласно Деловникот за пратенички прашања.

Инаку, за наредни седници ние имаме програма на Владата која е основа за изработка и ние како пратеници согласно Деловникот можеме да предлагаме дополнување и на наредните седници, кое мислам дека е основ за програмата за работа и сите оние недолседности и на сите седници предлагања расправи ќе се надминат кога ќе донесеме еден нормален, за еден Парламент план за работа и ќе знаеме за време рокови, точно како ќе работиме. Во однос на

мислам дека мешаме 2 работи и да се постапи согласно Деловникот.

Во случај на ова се внесуваат некои инсинуации кои не се точни од страна на пратеникот, барем према мене додека не се докажат. Јас сум правник и сметам дека......

(Реагирања на пратениците)

Сметам дека се оди надвор од пратеничките прашања.

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:

Претходниот дискутант се противеше токму на тие произволности, инсинуации, меѓутоа тој ги направи најмногу. Не се однесува ништо надвор од пратеничкото прашање. Пратеничкото прашање гласаше дали трансформацијата на "Нова Македонија" во општествено претпријатие е во склад и дух со законот. Добив одговор дека не е. Очигледно станува збор  за едне сложена проблематика, еден сложен проблем, узурпација на огромен општествен имот. Јас лично го разбирам господинот Гештаковски од каде се овие побуди за одбрана на ова прашање, но јас исто бев обвинет дека не постапувам според Деловникот. Се повикав на ставот 2 од членот 43 кој е многу јасен и вели вака:

"Пратеникот може да предложи предметот на кои се однесува неговото прашање да се стави на дневен ред на седницата ако Соборот односно Собранието е информарано за материјата на кое се однесува прашањето. Или, на една од наредната седница на Собранието".

Јас мислам дека немаме ние материјали за оваа седница,  седницата е веќе при крај и затоа предлагам да биде на една од наредните седници, за 1 месец.

СТОЈАН АНДОВ:

Бидејќи предлогот е јасен во согласност со нашиот Деловник, навистина новиот кога ќе го направиме ќе биде појасен во делот што се однесува за пратеничките прашања, предлогот на господинот Јакимовски го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака.

(Реагирање на пратениците)

Молам, вие барате, но за тоа одлучува Собранието. За дали и кога да биде претрес одлучува Собранието. Ако Владата сама сака да си подготви материјал ваков или таков може сега. Вие можете да барате инфомрација било каква, ние ќе ја упатиме до Владата, ама денес да одлучиме дека после месец дена ќе се води претрес само Собранието може да одлучи.

(На една од наредните седници)Нема потреба да гласаме

Нема цврство да ги задолжиме за месец дена туку за една од наредните седници.

Неможенме да гласаме и ништо не можеме да разговараме затао што имаме 59 пратеника присутни.

ТОДОР ПЕТРОВ:

Ако немаме кворум за пратеничките прашања, тогаш се губи смислата на поставувањето, бидејќи може повторно некој да побара да се отвори претрес за една од наредните седници и повторно ќе кажеме дека немаме кворум за одлучување. Затоа предлагам седницата да се прекине, меѓутоа, на наредните седници пратеничките прашања за да ја добијат смислата во духот на овој

член да бидат поставувани секогаш на почетокот на седницата. Ние да бидеме разумни што ќе поставиме и дали ќе биде во функција на Собранието, или на одговори од Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

.

Молам, бидејќи сега веќе неможеме да работиме и одлучува, само едно укажување.

Кога закажуваме седница треба да се остане до крајот на седницата. Се сносат трошоци за седницата, тоа предизвикува доста други нарушувања во работата и не е добро да останувааме без кворум овде. Тоа е прво.

Друго, се разбира ќе одлучуваме секогаш каде ќе бидат прашањата, дали на почетокот или на крајот на седницата. Ќе ве прашаме и ова Собрание ќе одлучува  нема никој друг.

Со ова ја завршуваме денешната седница.
(Седницата заврши во 19,30 часот)